# ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РОДОВО-БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Анализа и практични препораки за медиумите

Скопје, 2023 година

Институт за комуникациски студии

respublica

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

364.63-055.2:[316.774:174(497.7)(047.31)
343.54-055.2:[316.774:174(497.7)(047.31)

ТУНЕВА, Марина
Етичко известување за родово-базираното насилство во Северна Македонија [Електронски извор] : анализа и практични препораки за медиумите / [автори Марина Тунева, Наташа Бошкова]. - Скопје : Институт за комуникациски студии, 2023. - (Едиција ResPublica)

Начин на пристапување (URL): https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2023/10/etichko-izvestuvanje-za-rodovo-baziranoto-nasilstvo-mk-1.pdf. - Текст во PDF формат, содржи 65 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 20.10.2023. - Фусноти кон текстот. - Финансиер: Влада на Обединето Кралство, "Превенција и заштита од родово-базирано насилство во Северна Македонија"

ISBN 978-608-4805-31-1

1. Бошкова, Наташа [автор]
а) Родово базирано насилство -- Медиумско известување -- Етички аспекти -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 62030853

**Наслов на анализата:**
Етичко известување за родово - базираното насилство во Северна Македонија - Анализа и практични препораки за медиумите

**Издавач:**
Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин" 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

**За издавачот:**
вон. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Едиција:**
ResPublica

**Автори:**
вон. проф. д-р Марина Тунева
м-р. Наташа Бошкова

**Уредник:**
вон. проф. д-р Марина Тунева

**Лектор:**
Татјана Б. Ефтимоска

**Графички дизајн:**
Гога Стојковска

**Година:**
2023

British Embassy Skopje

UKaid from the British people

Овој производ е подготвен во рамки на проектот "Превенција и заштита од родово-базирано насилство во Северна Македонија" финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

UNFPA

Оваа публикација е подготвена со поддршка на УНФПА, Фонд за население на Обединетите нации. Ставовите изразени во оваа публикација се ставови на авторите и не ги претставуваат секогаш ставовите на УНФПА, Обединетите нации или која било поврзана организација.

# ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РОДОВО-БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Анализа и практични
препораки за медиумите

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **Вовед** | **6** |
| **Методологија** | **10** |
| **Правна рамка** | **14** |
| **Анализа на состојбата со медиумското информирање за родово базираното насилство** | **22** |
| Резултати од спроведените интервјуа | 23 |
| Медиумите имаат важна улога во подигнување на свеста и едукацијата на јавноста за родово базираното насилство | 23 |
| Медиумите се важен фактор за поттикнување на општествениот дијалог | 24 |
| Темата не е приоритет во информирањето, причините се различни | 25 |
| Потребни се промени и во уредувачката политика на медиумите | 27 |
| Информирањето е штуро, отсуствува континуитет и целосна слика за проблемот | 27 |

| | |
|---|---|
| Социјалните мрежи влијаат штетно врз информирањето за родово базирано насилство | 29 |
| Етиката (не) е приоритет во информирањето | 29 |
| Вмрежување и соработка за поефективно адресирање на проблемот | 32 |
| Потребна е едукација | 33 |
| Резултати од анкетниот прашалник | 34 |
| **Студии на случаи** | **38** |
| Случајот "Јавна соба" | 39 |
| Силување девојка | 46 |
| **Заклучок** | **51** |
| **Препораки и насоки за медиумското информирање за родово базираното насилство** | **55** |

# Вовед

Медиумите играат важна улога во формирањето на општествените ставови и вредности и нудат огромен потенцијал да бидат инструмент за општествени промени. Според истражувањето спроведено од Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги, сè уште постои „широко присутно портретирање на жените во медиумите преку рамките на бракот и семејството", со задржување на традиционалните улоги на жените и со нагласување на стереотипите[1]. Од друга страна, сеопфатната студија за благосостојбата на жените покажува дека во Северна Македонија 60 % од жените сметаат дека насилството врз нив е вообичаено, а речиси три од десет сметаат дека тоа е многу честа појава[2]. Споредено со просекот во земјите на ЕУ, во Северна Македонија жените сметаат дека семејното насилство е приватна работа што треба да остане во семејството[3]. Ваквиот став, во комбинација со отсуството на знаење за постоечките специјализирани услуги за заштита на жртвите на семејното насилство[4], резултира со сериозни повреди на човековите права на жените.

Сексизмот и сексистичкото однесување се појавува низ целиот спектар на човековата активност, вклучително и во сајберпросторот (интернетот и социјалните медиуми)[5]. Зголемената активност на интернет обезбеди нова димензија на изразувањето и на ширењето на говорот на омраза кон жените пред пошироката публика. Сепак, корените на проблемот произлегуваат од долготрајната и историски одржуваната родова нееднаквост, а не како проблем на технолошките достигнувања. Всушност, насилството врз жените што се случуваше, или сè уште се случува, во реалниот свет се прелеа/-ва во интернет-просторот како нова форма

**1** Агенција за аудио-визуелни медиумски услуги. Истражување – Анализи на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите, 2022. Достапно на: bit.ly/44nwybP

**2** Организација за безбедност и соработка во Европа. Благосостојбата и безбедноста на жените: Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија, 2019.

**3** Организација за безбедност и соработка во Европа. Благосостојбата и безбедноста на жените: Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија, 2019.

**4** *Idem.*

**5** Препорака CM / Rec (2019) 1 усвоена од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа 27 март 2019 година.

на насилство кое бара нови и посилни мерки за борба и превенција на насилството во интернет-просторот.

Меѓународните стандарди за заштита на човековите права подолг период повикуваат на родово одговорен пристап кон безбедноста на жените, додека сè повеќе истражувања на национално ниво покажуваат сериозен проблем со родово базираното насилство, вклучувајќи го и онлајн насилството[6]. Медиумите и граѓанските организации вложуваат напори за подобрување на состојбата, но очигледно тие не се доволни.

За подобро да се разбере начинот на којшто известуваат медиумите, вклучувајќи ги и онлајн порталите, овој документ дава приказ на актуелното законодавство, но и на политиките и практиките на известувањето за насилството врз жените. Ратификацијата на Истанбулската конвенција ги забрза процесите за измена на националната законска рамка и воспостави нови стандарди за превенција и заштита од насилство врз жените. Истанбулската конвенција ги охрабрува медиумите да воспостават упатства и саморегулирачки стандарди, со цел да се зајакне почитувањето на достоинството на жените и да придонесат кон превенција на насилството врз нив[7]. Овие стандарди треба да резултираат со воздржување од штетни родови стереотипи и од ширење деградирачка слика за жената. Притоа, важно е овие мерки да се преземат со должно почитување на основниот принцип врз којшто се заснова функционирањето на медиумите, а тоа е слободата на изразувањето, слободата на медиумите и слободата на уметничкиот израз.

Оттука, целта на оваа анализа е да прикажеме на каков начин медиумите, особено оние онлајн, информираат за случаите на родово базирано насилство врз жените, изразено преку неговите различни форми, и тоа: силување, сексуално насилство во сите појавни форми, вклучувајќи го и сексуалното вознемирување, психолошко и физичко насилство, како и демнење, како нова форма препознаена со последните

**6** Петковска Н. Лешоска В. За кого интернетот е безбедно место, 2021. Достапно на: https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/12/Za-kogo-internetot-e-bezbedno-mesto-finalno.-docx.pdf

**7** Council of Europe. Explanatory Report to the Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, 2011.

дополнувања на законската рамка за превенција и заштита од насилство. Преку интервјуата и прашалниците за медиумските работници се утврдуваат потребите на медиумите, предизвиците со кои се соочуваат, како и можните решенија за нивно поактивно вклучување во превенцијата на насилството врз жените.

За поилустративно прикажување на начинот на којшто известувањето може и влијае во зајакнувањето на родовите стереотипи, и со самото тоа придонесува кон превенирање или поттикнување насилство врз жените, анализата прави осврт на конкретни примери на известувањето за случаи на родово базирано насилство врз жени. Изминатите неколку години (2020 – 2022) во јавноста беше актуелен случајот „Јавна соба", што се појавуваше во неколку фази, а за кој медиумите известуваа од различни перспективи. Во овој случај засегнати се поголем број жртви, дел од нив малолетни, кои биле изложени на различни форми на насилство извршено преку компјутерски систем. Во истиот период, медиумите известуваа и за случај на сексуално насилство врз девојка која и јавно проговори за настанот, а за којшто Обвинителството донесе наредба со која се запре истрагата, при што жртвата беше оставена без заштита од физичко и сексуално насилство. Овој случај, исто така, е интересен за анализа и од аспект на преземените дејствија од страна на Обвинителството за докажување постоење на кривично дело силување, кои предизвикаа реакции во јавноста, а за кои известуваа медиумите.

Сите овие наоди, собрани преку различни методолошки алатки, служат за формулирање на практичните препораки за етичко и одговорно известување за родово базираното насилство што се составен дел од овој документ.

# Методологија

Целта на анализата е да го оцени начинот на којшто медиумите, особено порталите, во Северна Македонија известуваат за сите видови на родово базираното насилство врз жените. Анализата се реализира во рамките на проектот „Превенција и заштита од родово базирано насилство во Северна Македонија“, којшто го спроведува Фондот за население на Обединетите нации. Целта на проектот е да ја поддржи Владата на Република Северна Македонија во воспоставувањето и имплементирањето на интегрирани политики за родово базирано насилство насекаде во земјата, во согласност со принципите на Истанбулската конвенција. Проектот ја поддржува имплементацијата на Истанбулската конвенција преку широко партнерство и развој на сеопфатна правна рамка за политиките, која понатаму овозможува квалитетни повеќесекторски услуги, го зајакнува управувањето со податоци, ги таргетира сторителите и нивните дела и го зајакнува влијанието на медиумите за да можат жените и девојчињата да се чувствуваат ослободени од сите облици на насилство и закана за такво насилство. Во овој контекст, сензибилизацијата на медиумите е од клучно значење во процесот на операционализација на законот и унапредување на услугите. Процесот на сензибилизација на медиумите се однесува на едукација и информирање на медиумските професионалци за родово базираното насилство, неговите основни причини, неговото влијание, како и за принципите на Истанбулската конвенција.

Наодите од анализата ќе претставуваат основа за формулирање на препораките за етичко известување за сите форми на родово базираното насилство. Методолошката рамка на анализата се заснова врз деск-анализа, правна анализа, анализа на податоци собрани од теренско истражување со длабински полуструктурирани интервјуа и анкета со прашалник за медиумите – членки на Регистарот на професионални онлајн медиуми (Промедиа)[8], како и студии на случаи за два одделни случаи на родово базирано насилство.

Деск-анализата се заснова врз секундарни извори на податоци и опфаќа прибирање, преглед и анализа на достапни извештаи, анализи, документи и податоци поврзано со медиумското претставување на родово базираното насилство врз жените. Како

**8** https://promedia.mk/

извори на податоци, искористени се документи и податоци од релевантни домашни и меѓународни институции, извештаи и анализи од граѓански организации поврзани со темата што е предмет на интерес на оваа анализа.

Правната анализа се заснова врз примарни и секундарни податоци и вклучува анализа на меѓународни документи, закони, подзаконски акти и политики поврзани со насилството врз жените и неговото претставување во медиумите. Анализата вклучува критички осврт на постоечките предности и недостатоци на законската рамка и на степенот на спроведување на законите во однос на професионално известување за случаите на родово базирано насилство. Правната анализа, исто така, вклучува и преглед на праксата на Европскиот суд за човекови права, која е клучна за воспоставување рамнотежа меѓу слободата на изразување и правото на заштита на приватниот живот на поединците.

Анализата на примарните податоци опфаќа анализа на податоците собрани преку спроведените 12 длабински полуструктурирани интервјуа со искусни новинари и/или уредници. Станува збор за соговорници чие професионално новинарско искуство е над десетгодишно. Од вкупниот број интервјуирани соговорници, 8 се уредници, а 4 новинари. Новинари и уредници од сите видови медиуми, како национални така и регионални/локални, беа интервјуирани со цел да се добие појасна слика за начинот на известување за родово базираното насилство. Притоа, 67 % од интервјуираните се од традиционални медиуми, додека 33 % од онлајн медиуми. Петмина од интервјуираните се мажи, а шест жени. Шест медиуми се национални, а шест регионални, односно локални. Дополнително, податоци за анализа на состојбата беа собрани преку онлајн прашалник доставен до новинари и уредници на онлајн медиуми – членки во Регистарот на професионални онлајн медиуми (Промедиа).

Применет е и методот на истражување на студија на случај, којшто вклучува длабинско испитување на предметот („случајот“). Овој метод беше применет за да се анализира медиумското известување за два случаи на родово базирано насилство. Целта беше да се разбере на каков начин медиумите ги врамуваат таквите случаи, какви наративи промовираат и како тие може да влијаат врз разбирањето и одговорот на јавноста на родово

базираното насилство. Поради големиот обем и различност на содржините во медиумите, избрани се репрезентативни примери кои би можеле да дадат корисен увид за практиките и улогата на медиумите, односно за врамувањето на случаите на родово базирано насилство во медиумскиот дискурс.

За потребите на анализата беа избрани два случаи. Првиот случај е т.н. случај „Јавна соба", во кој беа и сè уште се засегнати поголема група жени и девојки чии приватни фотографии и видеа беа споделувани на социјалната мрежа Телеграф од страна на илјадници мажи. Овој случај ја брануваше јавноста во неколку временски интервали, односно од првите објави за постоење на групата во јануари 2020 година до неколкуте последователни објави за нејзиното возобновување или за групи со слична содржина; по идентификувањето на администраторите, беше поведена постапка и беше донесена судска пресуда против неколку лица за воспоставување и администрирање на групата. За потребите на оваа анализа, земени се неколку периоди за анализа (20 – 30 јануари 2020 година; 27 јануари – 9 февруари 2021 година и 9 – 13 март 2022 година), односно периодите кога медиумите најфреквентно известувале за случајот.

Вториот случај е случајот на жена жртва на силување, која и јавно проговори за искуството на насилство и за начинот на којшто институциите постапуваат во решавање на случаите на сексуално насилство на жените. И за овој случај медиумите известуваа во неколку фази, односно кога институциите носеа одлуки во однос на истрагата и (не)процесирањето на случајот до надлежен суд. За потребите на оваа анализа, земени се два периоди за анализа (1 февруари – 8 март 2022 година и 28 јануари – 3 февруари 2021 година), односно периодите кога медиумите најфреквентно пишувале за случајот.

# Правна рамка

Основните меѓународни инструменти за човекови права, вклучувајќи ги и оние за заштита на правата на жените, се донесени пред појавата и развојот на информатичко-комуникациската технологија, но сепак обезбедуваат права и обврски со трансформативен потенцијал и имаат клучна улога во промоција и заштита на правата, вклучително и на правата на жената да живее ослободена од насилство, но истовремено да ја ужива слободата на изразување, пристапот до информации, правото на приватност и други права гарантирани со меѓународните, со регионалните и со домашните правни документи.

Конвенцијата на Обединетите нации за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW) препознава континуум меѓу родовите стереотипи, родовата нееднаквост, сексизмот и насилството врз жените и девојките. Актите на секојдневните микроагресии, изразени преку навидум несакани или минорни сексуални однесувања, коментари и шеги, се понижувачки и придонесуваат кон општествена клима во која жените се понижени, нивните активности намалени, а изборите ограничени, и во јавната и во приватната сфера. Сексистичкиот говор на омраза може да ескалира и да поттикне навредливи и заканувачки дејствија, кои понекогаш резултираат со сексуална злоупотреба, насилство, силување и смрт. Како одговор на ваквата состојба, Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената ѝ наметнува обврска на државата да преземе мерки за измена на општествените и културните обичаи во однесувањето на мажите и на жените, со цел да се отстранат предрасудите и која било друга практика заснована врз сфаќањето за инфериорноста или за супериорноста на едниот или на другиот пол и за зачувување на традиционалната улога на мажите и жените[9]. Во последните заклучни согледувања за состојбите во Северна Македонија, Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената изразува загриженост за дискриминаторското однесување на интернет, кое вклучува говор на омраза кон жените и кон девојките на социјалните медиуми[10]. Врз

**9** Convention on Elimination of Discrimination against Women, Article 5, https://www.ohchr.org/Documents/ProfessionalInterest/cedaw.pdf

**10** Committee on the Elimination of Discrimination against Women CEDAW/C/MKD/CO/6. Concluding observations on the sixth periodic report of the former Yugoslav Republic of Macedonia· 2018, пар.21.

пристапот на жените до технологијата влијаат и интерсекциските форми на дискриминација врз основа на бројни фактори, како што се расата, етничката припадност, сексуалната ориентација, родовиот идентитет и родовото изразување, кадарноста, возраста, класата, културата, религијата и други. Специјалниот известувач за насилство врз жените, во својот извештај од 2018 година, потенцира дека жените со повеќе идентитети се честопати мета на онлајн насилство врз основа на комбинација на овие фактори. Некои групи жени, како на пример, бранителки на човековите права, жените во политиката, новинарките, лезбијките, бисексуалките и трансродовите жени, жените со попреченост и жените припаднички на маргинализираните групи се особена мета на насилство преку ИКТ[11].

На регионално ниво, Советот на Европа долг период повикува на елиминирање на стереотипното прикажување на жените во медиумите, што придонесува и за превенција од насилство врз жените[12]. Справувањето со родовите стереотипи ќе придонесе за намалување на нееднаквоста, вклучувајќи го и родово базираното насилство, кое е еден од неговите најсериозни изрази. По неколкуте препораки, Советот на Европа, со донесувањето на Истанбулската конвенција како правно обврзувачки документ, даде дополнителен поттик за спроведување на долгорочните цели за превенција и за борба против сите форми на насилство. Истанбулската конвенција го охрабрува приватниот сектор, ИКТ-секторот и медиумите да учествуваат не само во подготовка на локалните, регионалните или националните политики и напори за превенција од насилство врз жените, туку и директно да учествуваат во спроведувањето на законите[13].

На национално ниво, Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство од 2021 г. за првпат препознава каква било форма на родово базирано насилство врз жени во интернет-просторот[14]. Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство за првпат

---

**11** Human Rights Council. Report of the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences on online violence against women and girls from a human rights perspective. A/HRC/38/47, пар.28.

**12** Recommendation No. R (84)17 of the Committee of Ministers to member states on equality between women and men in the media; Recommendation 1555 (2002) by the Parliamentary Assembly of the Council of Europe on the image of women in the media; Recommendation 1799 (2007) by the Parliamentary Assembly of the Council of Europe on the image of women in advertising; Resolution 1751 (2010) and Recommendation 1931 (2010) by the Parliamentary Assembly of the Council of Europe on combating sexist stereotypes in the media.

**13** Council of Europe. Explanatory Report to the Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, 2011.

**14** Службен весник на РСМ бр. 24/2021. Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

експлицитно дефинира и укажува на специфичноста на сексуалното вознемирување на интернет, кое, за жал, не е одразено во измените и во дополнувањата на Кривичниот законик усвоени во јануари 2023 година. Единствено во дефиницијата за насилство врз дете во Кривичниот законик е препознаено насилството преку интернет[15]. Сепак, Кривичниот законик, и пред усвојувањето на измените оваа година, обезбедува заштита од насилство кое се случило преку компјутерски систем и им дава можност на институциите да постапат ефикасно во заштита на жртвите на родово базираното насилство на интернет.

Во однос на улогата на медиумите во превенцијата на насилството врз жените, важен напредок во законската рамка претставува препознавањето на медиумите како засегната страна во спроведувањето на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. Имено, медиумите основани во согласност со Законот за медиуми имаат обврска, при креирањето и емитувањето информативни и едукативни програми, да водат сметка за подигнување на свеста кај општата јавност за сите форми на родово базираното насилство врз жените и на семејното насилство, да ја промовираат родовата еднаквост и да влијаат врз елиминирање на стереотипите за родовите улоги[16]. Притоа, секако, треба да се почитува слободата на изразување и независноста на уредувачката политика на медиумот загарантирана со Уставот и со меѓународните ратификувани договори.

Имајќи предвид дека ефикасното решавање на ова прашање неизбежно ќе треба да го земе предвид основниот принцип на независноста на медиумите, саморегулаторните мерки можеби нема да дадат задоволителен одговор. Затоа, задачата главно паѓа врз самите медиуми, кои треба да го вградат принципот на еднаква презентација и фер третман на различни лица со нивните специфични идентитети во професионалните кодекси и механизми за саморегулација и да се борат против стереотипите како секојдневна практика. Законот за медиуми забранува објавување содржини во медиумите со кои, меѓу другото, се поттикнува или се шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на расата, полот, религијата или националноста[17].

---

**15** Службен весник на РСМ бр. 36/2023. Закон за измените и дополнувањата на Кривичниот законик. Под насилство врз дете покрај насилството од ставот (21) на овој член се подразбира и психичко насилство, насилство преку интернет, врсничко насилство, како и демнење и следење на детето.

**16** Службен весник на РСМ бр. 24/2021. Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, член 37.

**17** Службен весник на Република Македонија бр. 184/2013 и 13/2014. Закон за медиуми, член 4.

Истражувањата покажуваат дека интернет-медиумите стануваат мејнстрим извор на информации, втори според консумирањето и влијанието (веднаш зад ТВ), но за повеќето од новинарите, експертите, образованата и повозрасната публика, голем дел од нив се неверодостојни и ѝ нудат на публиката голем број информации што се далеку од етиката и правилниот јавен дискурс, а се сè поблиску до пропагандата и до говорот на омраза[18]. Според податоците на Државниот завод за статистика, во првото тримесечје од 2022 година, 86.6 % од домаќинствата имале пристап до интернет од дома. Од вкупното население на возраст од 15 до 74 години, интернет користеле 88,3 %, а 73,9 % го користеле неколку пати во денот[19]. Со измените од 2014 година во Законот за медиуми, избришани се одредбите кои се однесуваат на електронските медиуми и се создава впечаток дека за нив не постои рамка што ќе ја регулира нивната содржина. Сепак, важно е да се потенцира дека сè уште постои законска можност да се бара одговорност за објавена содржина што е спротивна на одредбите на Кривичниот законик, особено за кривичните дела извршени преку компјутерски систем; повредата на личните податоци и, секако, последните измени со препознавање на новите форми на родово базираното насилство, психолошкото насилство и демнењето како кривични дела.

Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство забранува објавување информации и податоци кои вербално, невербално, или со друго постапување од сексуална природа има за цел или последица да го повреди достоинството или да создаде заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика преку електронски средства за комуникација[20]. Дополнително, Законот за спречување и заштита од дискриминација го третира вознемирувањето, односно сексуалното вознемирување, како форма на дискриминација која е забранета во сите области, вклучувајќи го и јавното информирање и медиумите[21].

Слободата на изразувањето и информирањето е неприкосновена демократска вредност гарантирана со Уставот, со законите и со меѓународните ратификувани документи. Сепак, ограничувањата на слободата на

**18** Македонски институт за медиуми. Анализа: Македонија во дигиталната ера - меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет. 2015. Достапно на: https://mim.org.mk/mk/publikacii/853-analiza-makedonija-vo-digitalnata-era

**19** Државен завод за статистика на Република Северна Македонија: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=77

**20** Службен весник на РСМ бр. 24/2021. Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, член 3 ст.1 точка 20.

**21** Службен весник на РСМ бр. 259/2020. Закон за спречување и заштита од насилство, член 3 и 10.

изразувањето и информирањето се уредени, меѓу другото, и со Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, каде што се упатува на користењето на стандардите на Европскиот суд за човекови права за определување на границите за уживање на слободата[22]. Според ЕСЧП, медиумите играат суштинска улога во едно демократско општество. Иако не треба да пречекоруваат одредени граници, особено во однос на угледот и правата на другите, сепак нивна должност е да ги пренесат, на начин доследен кон сопствените обврски и одговорности, информациите и идеите за сите прашања од јавен интерес. Не само што имаат задача да пренесуваат такви информации и идеи: јавноста, исто така, има право да ги прима. Во спротивно, медиумите не би можеле да ја играат својата витална улога на „чувар на јавноста“[23].

Сепак, известувањето за случаите на родово базираното насилство допира до приватниот живот на жртвите и на нивните семејства којшто, исто така, е заштитен и наметнува ограничување на слободата на изразувањето. Законот за заштита на личните податоци предвидува посебни правила за обработка на личните податоци за новинарски цели, односно дозволено објавување на личните податоци само во случај ако превладува јавниот над приватниот интерес на субјектот на личните податоци[24]. При балансирањето на правото на заштита на личните податоци со слободата на изразувањето и информирањето, се земаат предвид природата на личните податоци; околностите под кои се добиени личните податоци; влијанието на објавената информација кон дискусијата за јавниот интерес; колку е познато засегнатото лице и кој е предмет на информацијата; претходно поведение и согласност на засегнатото лице, како и содржината, формата и последиците од објавување на информацијата.

Во случаите во кои ЕСЧП требало да направи баланс во заштитата на приватниот живот наспроти слободата на изразувањето, во својата пракса го потенцира придонесот што го има објавувањето на фотографијата или текстот во медиумите во дебатата од општ интерес[25]. Проблемот со родово базираното насилство врз жените е прашање од јавен интерес кое заслужува внимание од повеќе аспекти, вклучувајќи ја и перспективата на жртвите. Сепак, начинот на којшто тие се претставени е важен за јавниот дискурс за насилството врз жените.

---

**22** Службен весник на РСМ бр. 251/2022 Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда, член 2.

**23** Види Thoma v. Luxembourg, 2001, § 5.

**24** Службен весник на РСМ бр. 42/2020 и 294/2021. Закон за заштита на личните податоци, член 81.

**25** Види Eerikäinen and others v. Finland, 2009, § 62.

Според ЕСЧП, дефиницијата за тоа што опфаќа општиот интерес зависи од околностите на случајот. Па така, постоењето на ваков интерес не се однесува само на случаи на политички прашања или криминал, туку може да засега и други теми (спорт или уметност)[26].

Во однос на важноста на интернет-страниците во остварувањето на слободата на изразувањето, ЕСЧП нагласува дека „[и] во светлината на неговата пристапност и неговиот капацитет да складира и да комуницира огромни количини на информации, интернетот игра важна улога во подобрувањето на пристапот на јавноста до вести и во олеснување на ширењето на информациите воопшто"[27]. Ескпресивните активности генерирани од корисниците на интернет обезбедуваат невидена платформа за практикување на слободата на изразувањето[28]. Во еден од најзначајните предмети што се однесуваат на интернет-медиумите, ЕСЧП оцени дека одговорноста на Delfi, портал за вести на интернет, е оправдано и пропорционално ограничување на правото на порталот на слободата на изразување. Тоа беше затоа што коментарите беа многу навредливи, порталот не успеа да ги спречи да станат јавни, профитираше од нивното постоење, им дозволи на нивните автори да останат анонимни.

Балансирањето на слободата на изразувањето и информирањето, наспроти заштитата на правото на приватен живот на лицата за кои пишуваат медиумите, бара интегритет и професионалност во извршувањето на новинарската работа. Истанбулската конвенција ги охрабрува приватниот сектор, ИКТ-секторот и медиумите да воспостават упатства, саморегулирачки стандарди, со цел да се унапреди почитувањето на жените и да се придонесе во превенцијата на насилство врз нив. Ова значи усвојување професионални етички стандарди кои ќе бидат базирани врз човековите права, ќе бидат родово сензитивни и несензационалистички ќе го покриваат проблемот со насилството врз жените. Кодексот на новинарите како документ ги поставува стандардите на професионалното работење, кое важи и за интернет-медиумите. Кодексот ја гарантира заштитата на правото на приватен живот и обврска за медиумите да избегнуваат да навлегуваат во приватниот живот на поединците[29]. Темите што се однесуваат на лични трагедии треба да бидат внимателно

**26** Види Von Hannover v. Germany (No. 2), 2012, § 109.

**27** Види *Times Newspapers Ltd v. the United Kingdom (nos. 1 and 2)*, nos. 3002/03 and 23676/03, § 27, ECHR 2009.

**28** Види *Delfi AS v. Estonia* [GC], no. 64569/09, § 110, ECHR 2015.

**29** Здружение на новинари. Кодекс на новинарите. https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

обработувани, со сочувство и со зачувување на приватноста. При известување за случаи на семејно насилство, нема да се објавуваат имиња и фотографии од жртвите, или податоци од кои индиректно може да се открие идентитетот на жртвата или сторителот, пред тоа официјално да го соопштат надлежните институции. Во известувањето за жртви на силување или жртви на сексуално насилство, идентитетот на лицата нема да се открива без согласност на жртвата, а кога станува збор за деца – без дозвола од родителите или старателите на детето[30].

Со оглед на тоа дека во изминатиот период се бележи динамичен развој на меѓународните и регионалните стандарди за заштита од насилство врз жените, неодамна преточени и во националното законодавство, недвосмислено постои потреба од постојано едуцирање на новинарите и на медиумските работници за различните форми на насилство, за контекстот во којшто се случува тоа, за интерсекциските идентитети кои ги прават одделни групи жени поранливи на насилство и за други аспекти важни во исполнување на целта на Законот. Токму затоа, одредбите предвидуваат обврска на медиумите, самостојно или преку професионалните здруженија на новинарите и медиумските работници, да соработуваат заради јакнење на своите капацитети за професионално известување за прашањата поврзани со насилство врз жени и со семејното насилство.

30 Совет за етика во медиумите. Насоки за етичко известување на онлајн медиумите- Примена на Кодексот на новинарите во онлајн сферата. https://www.semm.mk/dokumenti/korisni-resursi/kodeks/850-nasoki-za-etichko-izvestuvanje-na-onlajn-mediumite

# Анализа на состојбата со медиумското информирање за родово базираното насилство

## РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНИТЕ ИНТЕРВЈУА

Медиумите имаат клучна улога во обликувањето на јавното мислење и во разбирањето на проблемот околу родово базираното насилство. Сепак, третманот на овој проблем во медиумите може да биде полн со предизвици, тешкотии, етички дилеми, недоследности, но и можности.

За подобро разбирање на перспективите на новинарите и на уредниците за ова прашање, беа спроведени длабински полуструктурирани интервјуа со примерок од 12 лица. Станува збор за намерно избран примерок на лица врз основа на нивната улога и искуство во известувањето за родово базираното насилство или, пак, лица коишто учествуваат во градењето на уредувачката политика во медиумот. Целта на овие интервјуа беше да се добијат сознанија од поединци коишто имаат специфични знаења, искуства, перспективи и предлози околу медиумското известување за родово базираното насилство. Примерокот, иако не е статистички репрезентативен за сите новинари и уредници, нуди длабинско разбирање и увид во сложеноста на проблемот. Учесниците обезбедуваат автентични перспективи, што резултираат од нивните професионални улоги и искуства. Овие перспективи се клучни за разбирање на природата на известувањето за родово базираното насилство, неговите предизвици и потенцијалот за подобрување на информирањето. Во продолжение се претставени резултатите од овие интервјуа, вклучувајќи ги клучните теми што произлегоа од податоците, како и препораки за тоа како медиумите можат да го подобрат своето покривање на родово базираното насилство.

## МЕДИУМИТЕ ИМААТ ВАЖНА УЛОГА ВО ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА И ВО ЕДУКАЦИЈАТА НА ЈАВНОСТА ЗА РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО

Од медиумите се очекува да го препознаат родово базираното насилство како проблем којшто треба да се адресира и на соодветен начин да ѝ го објаснат на публиката. *Се работи*

*за многу сензитивна тема, којашто би требало да биде од голем јавен интерес, зашто сите во еден момент можеме да бидеме потенцијални жртви и треба да знаеме како да се заштитиме.*[31]

Притоа, се препорачува медиумите да подготвуваат поголем број содржини со коишто, практично, жртвите на родово базираното насилство ќе бидат охрабрени да го пријават проблемот во соодветните институции, запознавајќи се истовремено со своите права. *Со континуирано информирање, со гости во емисија, психолози, информации за прифатилишта, креатори на регулатива, видеа, јавноста ќе добие соодветна слика за тој проблем, ако сакаме и нејзин фидбек.*

*Бесполезно е ако го препознаеме но не го пријавиме родово базираното насилство и не ја подигнеме свеста околу проблемот.*

Според тоа, медиумите имаат мошне важна улога во сензибилизацијата на граѓаните околу овој проблем, како од научен така и од општествен агол. *Публиката треба, пред сè, да се едуцира за начинот на којшто може да го спречи овој феномен, но и да се запознае со законските прописи кои ги штитат граѓаните од насилство.*

И покрај согласноста кај интервјуираните соговорници дека медиумите во голема мера имаат значајна улога во едукацијата на публиката, сепак се истакнува потребата тоа да се прави многу внимателно и на систематичен начин. *Тие треба внимателно да се однесуваат кон објавувањето вести и други информации околу родово базираното насилство. Тоа може да го прават преку подетално, но и континуирано информирање за проблемот.*

Се смета дека медиумското информирање може да придонесе за намалување на случаите на родово базирано насилство. *Јас сум го осведочил тоа и лично, во емисија, зборувајќи од агол на родовиот аспект за домашното насилство, па гледачките ми посочиле дека не биле свесни дека, на пример, биле во некаква форма на економско насилство.*

## МЕДИУМИТЕ СЕ ВАЖЕН ФАКТОР ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДИЈАЛОГ

Адресирањето на родово базираното насилство и неговото искоренување подразбира координирани заложби што ги надминуваат индивидуалните акти на поддршка и интервенција. Оттука, потребно е поттикнување поширок општествен дијалог, во којшто несомнено медиумите играат голема улога. Соговорниците укажуваат дека доколку медиумите учествуваат во поттикнувањето на таквиот

31 Идентитетот на интервјуираните соговорници е анонимен за да се заштити нивната доверливост.

дијалог, тие ќе придонесат не само во подигнувањето на свеста и во едукацијата за родово базираното наилство, туку и во разобличувањето на стереотипите, разоткривањето на мотивите што стојат зад таквото насилство и промовирањето точни и вистинити информации.

Интервјуираните соговорници сметаат дека општествениот дијалог за овие прашања може да се поттикне преку упатување на потребата институциите да реагираат во однос на случаите на родово базирано насилство. *Мора да бидат вклучени и институциите и да се следи што ќе се случува, какво решение и развој ќе има понатаму*.

Поттикнувањето општествен дијалог подразбира потенцирање на системските проблеми и недоследности кои треба да се решат колективно. *Тоа вклучува препознавање на пошироките општествени фактори кои придонесуваат за родово базирано насилство и дискусија за основните проблеми што го продолжуваат*.

Иако индивидуалните приказни и искуства се важни за илустрација на последиците од родово базираното насилство, од клучно значење е внимателно и со почит да се разгледаат специфичните околности во коишто се нашле преживеаните. Генерализирањето на поединечните примери, според препораките, треба да се направи внимателно, за да се избегне понатамошна стигматизација или повторна виктимизација на преживеаните. Особено е важно и какви пораки ќе произлезат од новинарските содржини. *Треба да се знае која е пораката што сакаме да ја испратиме до публиката на којашто ѝ ги сервираме информациите*.

Повеќето соговорници објаснуваат дека општествениот дијалог околу оваа тема го поттикнуваат со внесување различни перспективи во новинарските продукти, односно оние на експертите, на претставниците на државните институции или на невладините организации. *Го избираме соодветниот формат, на пример, емисии кои третираат теми од општествен карактер, и дискутираме со цел проблемот да стане повидлив и да има поголем ефект*.

## ТЕМАТА НЕ Е ПРИОРИТЕТ ВО ИНФОРМИРАЊЕТО, ПРИЧИНИТЕ СЕ РАЗЛИЧНИ

Сите интервјуирани соговорници едногласно потврдуваат дека на темите поврзани со родово базираното насилство не им се дава приоритет во информирањето или, пак, тоа се прави многу ретко. Во посериозните медиуми може да се примени посериозен пристап во известувањето за родово базираното насилство, но обично тоа се сведува на дневно новинарство. Соговорниците оценуваат дека ситуацијата во помалите редакции и во

онлајн медиумите е далеку посериозна. *Ние, помалите редакции, сме во трка со времето да се објават што повеќе информации, можеби се оди по линија на помал отпор да се дојде до информации на полесен начин. За поангажирани текстови треба повеќе време*.

Најголем дел од соговорниците сметаат дека причината за тоа е што во медиумите доминираат дневнополитичките случувања. *Сè некако на таа дневнополитичка основа се оди, а можеби и поради политички притисок кон медиумите. Знаеме и дека нема толку независни медиуми во државата*.

Честопати предизвик за редакциите за да известуваат за овие теми е недостигот од ресурси, односно малиот број на вработени. Освен тоа, редакциите немаат капацитети да овозможат новинарите да работат по конкретни сектори. На пример, во сите четири редакции на немнозинските заедници во јавниот сервис работат по тројца новинари, што е малку за подготовка на програмата и оттука, важност им се дава на поактуелни дневни настани. *Сè уште немаме новинари коишто ќе работат само на тоа*.

Недостигот од соодветна едукација или вештини, исто така, се посочуваат како проблем. Новинарите, според дел од соговорниците, честопати не се специјализирани за овие теми, односно не се доволно запознаени со проблемите при известувањето за родово базираното насилство. *Поаѓаат од начинот на којшто ги принудува пазарот, за да добијат што повеќе кликови, особено онлајн медиумите, и да известуваат неодговорно*.

Предизвик се гледа и во отсуството на извори на информации, со оглед на тоа што, неретко, жртвите на родово базираното насилство не сакаат да зборуваат јавно. *Во редакцијата секогаш се обидуваме да најдеме начини да ги надминеме дилемите кои постојат кај изворите, преку давање гаранции дека идентитетот нема да биде откриен, дека гласот ќе се смени на монтажа и ќе се замагли лицето*. Уредниците и новинарите реагираат и дека недостигаат стручни извори за оваа тема.

Недостигаат и разговори за унапредување на колегиумот, за слушање на гласот на помладите новинари во редакцијата, *бидејќи тие во денешно време имаат многу различен поглед на нештата*.

Освен погоре посочените предизвици, некои од соговорниците сметаат дека, општо земено, отсуствува волја и интерес за да се известува за овие теми. *Не им се дава доволно простор, најверојатно затоа што преовладува перцепцијата дека тоа не е вест што ќе има читаност и лајкови*.

Проблемот понекогаш е несензибилизираноста на машката популација што е на врвот во медиумите во однос на овие теми.

*Не би генерализирала, но има такви случаи, не постои доволно едукација меѓу новинарите за јавниот интерес во покривањето на овие теми. Јас сум жена, главен и одговорен уредник, и им давам големо значење на таквите теми.*

## ПОТРЕБНИ СЕ ПРОМЕНИ И ВО УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА МЕДИУМИТЕ

Во основа, клучно влијание во однос на информирањето за овие теми има уредувачката политика во медиумите. *Уредникот е тој којшто може да им го промени текстот на новинарите во целост и да го стави во формат каков што му/ѝ одговара*.

Се упатува на потребата од вклученост на сите вработени и на уредништвото во сензибилизацијата за овие теми. Тоа, според соговорниците, би овозможило повеќе да се известува за овие теми, а не само кога ќе се случи некој посериозен настан или, пак, кога ќе се организираат настани по одредени поводи, во рамките на кампањи или одбележување одредени денови. *Не треба да се известува само кога ќе се случи нешто. Не само кога има убиство на жена. Ние, медиумите, најчесто тогаш се активираме*.

На уредниците им се препорачува да овозможат овој проблем да се третира перманентно, и тоа не само во вестите, туку и во дебатните емисии, како и во емисиите за забава и едукација. Истовремено, се препорачува вклученост на медиумите и во кампањи со кои ќе се упати повик за пријавување на овој проблем. *Навистина станува збор за голем проблем, жртвите честопати пријавуваат и потоа се повлекуваат. Во таквите кампањи треба да бидат вклучени и медиумите. На пример, кога е Денот за борба против семејното насилство. Кампањите ќе ги поттикнат да реагираат*.

Соговорниците укажуваат дека, неретко, овие теми се покриваат за време на викенд. *Се претпоставува дека викендите се попразни, па кога во празен дневник ќе имате една малку поважна тема, којашто ќе се обработи со драматизација, без брзање, тогаш е поинаку. Ваквите теми бараат време*.

## ИНФОРМИРАЊЕТО Е ШТУРО, ОТСУСТВУВА КОНТИНУИТЕТ И ЦЕЛОСНА СЛИКА ЗА ПРОБЛЕМОТ

Приказните за родово базираното насилство немаат континуитет, а темите не се следат од почеток до крај. *Сè се сведува на готовите информации со коишто располагаат, ги користат и тука практично завршува работата*. Неретко за темите се известува кога ќе се актуелизира некое прашање на социјалните мрежи, по што темата опстојува во етерот кратко време и потоа се заборава.

Се упатува на потребата да се продре во подлабоките корени на оваа појава, за што треба и повеќе знаење. Оттука, потребно е да се слушне ставот на институциите и на експертите за да се дојде до поширококата слика. Сториите за родово базираното насилство, вообичаено, немаат епилог во медиумското информирање. И покрај тоа што јавноста е заинтересирана да ги следи овие теми, фактот дека тие не се приоритет подразбира дека граѓаните добиваат оскудни информации. *Кога постојано ќе ја држиме приказната на површина ќе се зборува и за тоа. Но, кога само еднаш информираме, тогаш не слушаат сите за тоа, со континуитетот на информирање ја држиме темата на висок пиедестал*. Соговорниците сметаат дека, со детално објаснување на проблемот, ќе се обезбеди континуирана поддршка на жртвите и ќе се бара одговорност од сторителите и од институциите на системот. Деталното објаснување на проблемот подразбира да се опфатат повеќе страни, одговорни институции со свои изјави, статистики, но и да се изнесат препораки од граѓанскиот сектор. *Треба да се понуди една поголема експертиза во однос на проблемот*.

Проблем претставува и тоа што само се пренесуваат соопштенија од Министерството за внатрешни работи, без да се прави каква било дополнителна новинарска интервенција во содржината. *Ние само просто пренесуваме. И тука застанува нашата работа.* Отсуствува длабинска обработка на овие теми, нема истражување како се случило родово базираното насилство, што го предизвикало, кои се последиците и причините. *Многу е поважно да се укаже на причината за проблемот отколку на самиот настан и личните приказни, кои единствено треба да служат како илустрација за проблемот*.

Дури и кога се известувало за некоја тема, не се следат или, пак, не се земаат предвид важните перспективи коишто може да бидат опфатени во новинарското информирање, со што би се обезбедил континуитет. *Имаше случај кога партнерот физички ја малтретираше и ја уби жената од еден друг град и наеднаш ќерката по неколку дена објави статус, но никој не ѝ се јави за да ја снима, за да објасни. Само го споделија статусот. Таа пишуваше емотивно, изгубила родител, ги критикува институциите, никој од новинарите не ја побара за да ја праша со што се соочувале, за да се добие појасна слика*.

Заради посеопфатно третирање на проблемот во медиумското информирање, се препорачува негова обработка во различни рубрики и емисии, во зависност од типот на медиумот. *Може да се снимаат поткасти, да се креираат потсајтови, да се осмислат емисии*.

*За една ваква тема, доколку се сака и се има простор и уредничка желба, може да се креираат минимум 5-6 приказни и да се задржи фокусот*.

## СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВЛИЈААТ ШТЕТНО ВРЗ ИНФОРМИРАЊЕТО ЗА РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО

Голем дел од интервјуираните соговорници реагираат дека преку социјалните мрежи се генерираат многу погрешни информации, па дури и говор на омраза. *Таму, на некој начин, ја гледаш генерално свесноста на граѓаните по тоа прашање. И гледаш дека кога ќе се случи нешто и кога ќе почнат да известуваат медиумите, има такви екстреми што нè потсетуваат што треба да се прави*.

Најголем дел од забелешките околу штетното влијание на социјалните мрежи се однесуваат на ширењето графички и експлицитни содржини поврзани со родово базираното насилство, што може да ја повтори траумата на преживеаните, но и воопшто на јавноста. Соговорниците укажуваат дека социјалните мрежи стануваат платформа за обвинување на жртвите и за онлајн малтретирање. Преживеаните од родово базираното насилство таму неретко се соочуваат со закани или со коментари во коишто се обвинувани, што може да ги обесхрабри да ги споделат своите приказни или да бараат правда преку медиумите. *Ако некоја жена е физички малтретирана, следуваат коментари од типот „самата си го барала". Луѓето немаат емпатија за ваквите проблеми, проблемот го бараат во жртвата. Тоа почна да се смета за нешто нормално во нашето општество. Не им се дава шанса на жртвите да го кажат тоа додека не стане доцна. Само кога веќе станува црна хроника, тогаш се наоѓа место*. Соговорниците оценуваат дека токму таквите коментари го одвлекуваат вниманието од самата вест и дефокусираат од проблемот.

На овие мрежи се појавуваат прилично сензационалистички содржини коишто се шират брзо и предизвикуваат штети кај жртвите и нивното опкружување. Соговорниците упатуваат на потребата од критичка оценка и од потврдување на информациите пред да се искористат во информирањето.

## ЕТИКАТА (НЕ) Е ПРИОРИТЕТ ВО ИНФОРМИРАЊЕТО

Со оглед на чувствителната природа на темата и потенцијалното влијание врз преживеаните, од суштинско значење е новинарите да ги почитуваат етичките стандарди во известувањето.

Во известувањето за родово базирано насилство, пред сè, се укажува на потребата од придржување до општите одредби во Кодексот за новинари на Република Македонија, особено на членовите 7 и 8. За потсетување, во членот 7[32] се истакнува потребата од

32 Кодекс на новинарите на Македонија, https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

заштита на приватноста, а во член 8[33] се утврдуваат правила кога се известува за несреќи, трагедии итн., при што строго се препорачува да се избегнува сензационализам во информирањето. Од медиумите се очекува да го заштитат не само идентитетот и приватноста на жртвите, односно на преживеаните од родово базираното насилство, туку и на нивните најблиски.

Сепак, според соговорниците, реалноста укажува на спротивното. Меѓу најчесто посочуваните проблематични појави во информирањето за родово базираното насилство е сензационализмот. *Секое неодговорно и сензационалистичко известување создава основа за ширење дезинформации*. Сензационализмот го има уште во самите наслови. *Како да постои трка кој ќе стави подраматичен наслов, без да се навлегува во суштината*. Сензационализмот, според повеќето испитаници, најмногу е присутен во онлајн медиумите. Многупати се среќаваат наслови во медиумите кои само ги поттикнуваат читателите да отворат некоја содржина, а во неа да се најдат бројни нарушувања. *Во таквите текстови не е запазено ништо, честопати се случува да се прочитаат имињата и презимињата на напаѓачот и на жртвата, се користи полициски речник и ништо друго*.

Како особено проблематично се посочува информирањето за проблемите на лицата од ЛГБТИ-заедницата. *Најчесто тоа известување е цинично уште во самиот наслов, поднасловот и во описот на нивниот проблем, дури и доколку редакцијата со најдобри намери се обидела да го презентира нивниот проблем. Кога на социјалните мрежи под таквите содржини се појавуваат различни коментари со говор на омраза и стигматизација, тоа станува огромен проблем, којшто само се мултиплицира*.

Од тие причини се упатува и на потребата да се внимава кога се пренесуваат ставови на соговорници коишто се дискриминаторни или содржат говор на омраза. *Јавноста треба да знае дека ширењето на таквите ставови може да поттикне и насилство*.

Сите соговорници укажуваат на потребата медиумите исклучително да внимаваат и да не го претстават идентитетот на тие што преживеале родово базирано насилство. *Тоа не е информација од јавен интерес*.

*Јас би одел и дотаму што за одредени, многу специфични случаи (како трикратното убиство во Кавадарци), не би користел иницијали. Со објавување на иницијалите, особено во помалите средини, се знае за кого станува збор. Може да се користи раскажувачка форма, некаков алијас. Од јавен интерес, наш интерес и интерес на жртвата е таа да биде заштитена. И никогаш не треба да се откриваат специфични работи поврзани со што и да е со нивниот приватен живот*.

**33** Ибид

Се укажува и дека во јавното претставување не треба да се користат профилите на социјалните мрежи на преживеаните, како, на пример, “принтскрин„ од личен профил.

Од друга страна, има и поинакви мислења во однос на јавното претставување на лицата што преживеале родово базирано насилство. *Јас би инсистирал соговорникот/соговорничката да не излезе јавно. Но, доколку инсистира, би го почнал интервјуто со укажување на можните ризици и експлицитно поставување на прашањето зошто одлучила да зборува јавно*.

Новинарите и уредниците укажуваат и на потребата да се внимава на речникот што се користи во информирањето за родово базираното насилство и да се избегнуваат сензационалистички изрази, како, на пример, „семејни драми“, „љубовни расправии“, „љубовен триаголник“, „обљуба (наместо силување)“, „хорор“, „ужас“, итн.

*Како да известувате за епизода од сапунска серија. Таквото екранизирање и сензационализирање на родовото насилство доведува до тоа публиката да го гледа како нешто што е таму надвор, а не во домот што е до нас. Или, пак, со објаснувањата за оние што го извршиле насилството од типот „па, тој беше мирен и повлечен човек“,, „многу беа тивки, беа многу повлечени, тој беше семеен човек“. Таквото „романтизирање“ на насилството или употребата на сензационалистички наслови е сериозен проблем, којшто не помага во спречување на идните случаи*. *Медиумите сакаат да имаат јаки наслови, на пример „Ја истепал до смрт“ или нешто слично за да го привлечат вниманието, преку драматични елементи*.

Сите се едногласни дека треба да се употребуваат правилните термини кога станува збор за оваа појава. Во контекст на ова, се истакна корисноста на Поимникот на родово базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата[34], чиј издавач е УНФПА. *Може да им биде многу корисен и на медиумите во дефинирање на поимите*.

Проблем во информирањето претставува и недостигот од различни перспективи, односно извори во информирањето. Најголем дел од соговорниците, како што беше потенцирано и погоре, укажуваат дека најчесто се информира врз основа на билтенот на Министерството за внатрешни работи, без да се прават дополнителни обиди да се дојде до повеќе информации. Во контекст на ова, се истакнува потребата да се консултираат стручни лица, односно да се опфатат сите важни перспективи.

Како проблематична појава се оценува и тоа што некои медиуми честопати

**34** УНФПА. Поимник на родово базирано насилсттво извршено со (зло)употреба на технологијата, 2023, bit.ly/3rcZbKk

пренесуваат вести од ваков вид од регионот кои немаат никаква информациска вредност за ова општество. *Особено е проблематично кога таквите информации се преземаат од сомнителни портали или, пак, од социјалните мрежи, без да се верификува потеклото на информациите и да се знае името на авторот*.

Речиси сите интервјуирани соговорници (11 од 12 интервјуирани) укажуваат на потребата од примена на етички пристап во третманот на преживеаните. Особено е важно жртвите да не бидат принудени да искажуваат детали од претрпеното насилство. *Потребно е да се има емпатија за жртвата, да се влезе во кожата на тој што се одлучил да зборува, тој што има мака, проблем. Да се најде коренот на проблемот, сржта. Да нема сензационализам, да не се нанесе штета*. Новинарите имаат сериозна улога во насочување на овие лица. *Жртвата којашто се јавува е очајна, бара помош. Можеби барала помош од институции, можеби не знаела каде да се обрати, морате да ја насочите. Новинарот има сериозна улога, мора да има интегритет, жртвата да поверува, во тој момент таа само сака да ѝ се помогне*. Понатаму, друга значајна улога на медиумите е да го поттикнат процесот на реинтеграција на жртвите, односно да им се обезбедат услови за понатамошно функционирање.

Важен е и етичкиот пристап во визуелизацијата на новинарските содржини за родово базираното насилство. Тоа, според соговорниците, е мошне значајно затоа што визуелизацијата има моќ да ги обликува јавните перцепции, да влијае врз разбирањето на ваквите сложени прашања, како и да предизвика емоционални реакции. Во овој контекст, особено треба да се внимава на почит кон достоинството на преживеаните и кон точноста и контекстот на претставувањето. *Треба да се земе предвид потенцијалното влијание на визуелизацијата врз преживеаните и публиката. И, секако, да се избегне повторната виктимизација*.

## ВМРЕЖУВАЊЕ И СОРАБОТКА ЗА ПОЕФЕКТИВНО АДРЕСИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

Вмрежувањето и соработката меѓу медиумите и другите засегнати страни е од клучно значење за координирано справување со родово базираното насилство. Таквата соработка, велат соговорниците, ќе овозможи пораките и приказните да стигнат до пошироката публика, подигнувајќи ја свеста за овој проблем. Се препорачува вмрежување со други медиуми, граѓански организации и здруженија за да се проникне во проблемот заеднички.

Граѓанскиот сектор се смета за особено корисна страна со потенцијал да им даде поддршка на редакциите. Граѓанските организации честопати имаат детални информации за дадени случаи, а се и во непосреден контакт со

преживеаните. Тие, исто така, може да помогнат и во упатувањето на жртвите на родово базираното насилство кон соодветните институции. Освен тоа, граѓанските организации може да помогнат во градењето на капацитетите на редакциите во оваа сфера. *Овој сектор е многу подостапен во поглед на обезбедување одговори на прашањата, односно достапноста. Дури и некои статистики што ги имаат – ги немаат институциите*.

Психолозите и едукаторите се, исто така, важни чинители што треба да се вклучат во промовирањето на општествениот дијалог за родово базираното насилство. Нивната експертиза може да обезбеди корисни сознанија и подлабоко разбирање на предизвиците со кои се соочуваат жените. Со вклучување на нивните перспективи, медиумите можат да донесат поголема видливост на прашањата и да поттикнат посодржаен и поемпатичен јавен дискурс.

Покрај граѓанските организации, други важни чинители за вмрежување со медиумите за справување со родово базираното насилство се правните експерти, како и здравствените работници. Правните експерти можат да дадат насоки за законите и за регулативата поврзана со родово базираното насилство, додека, пак, здравствените работници можат да обезбедат медицинска и психолошка поддршка на преживеаните, како и обука на новинари и медиумски професионалци за тоа како чувствително да известуваат за овие прашања.

## ПОТРЕБНА Е ЕДУКАЦИЈА

Речиси сите соговорници укажуваат на потребата од едукација за редакциите, без разлика за каков вид медиум станува збор. Се потенцира отсуството на знаење и вештини како да се известува за овој проблем. *Ние, новинарите, и не знаеме да им пристапиме на самите жртви на родово базираното насилство за да земеме соодветна изјава. Како да го извлечеш најдоброто, да ја поминеш низ траумата*.

*Нема сензибилизација меѓу новинарите за овие теми. Не може само да го поставиме микрофонот и да очекуваме да зборуваат. Потребен е соодветен амбиент, да ги ослободиме*.

Оттука, соодветната едукација ќе овозможи новинарите да се стекнат со вештини за да се справат со чувствителни теми, да ги интервјуираат преживеаните со емпатија и почит и да создаваат сеопфатни и урамнотежени приказни.

За таа цел, соговорниците предлагаат воведување инструменти на менторство во рамките на самите редакции, организирање работилници, размена на најдобри практики, итн.

## РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК

Во овој дел од анализата се претставени резултатите од спроведената анкета со медиумите во однос на нивните ставови, искуства и препораки во информирањето за родово базираното насилство. Прашалникот беше дистрибуиран до сите онлајн медиуми од информативен карактер коишто се членови на Регистарот за професионални онлајн медиуми Промедиа, формиран од Советот за етика во медиумите на Македонија и од Здружението на новинарите на Македонија. Одлуката да се користи Регистарот на професионални онлајн медиуми како рамка за примерокот се заснова врз неговиот фокус на консолидација на онлајн медиумите коишто доброволно се обврзале да ги прифатат критериумите за членство, меѓу кои спаѓа и почитувањето на начелата на професионалното новинарство. Од Регистарот, во којшто во моментот членуваат околу 130 портали, избрана е подгрупа од 60 дневноинформативни портали, кои го сочинуваат примерокот за истражувањето спроведено преку прашалник. Важно е да се напомене дека од примерокот се исклучени порталите чијшто примарен фокус на информирање не е поврзан со прашањето на родово базираното насилство, како што се оние фокусирани врз спорт, забава, економија и др. На прашалникот, до определениот рок, одговорија 33,33 % од вкупниот број на медиуми до коишто беше испратен прашалникот.

Речиси сите учесници во анкетата (19 од 20) потврдуваат дека медиумското известување за родово базираното насилство може да помогне да се подигне свеста кај граѓаните и да се спречат идни инциденти.

Податоците покажуваат дека во медиумите најчесто се известува за физичкото насилство, по што следува сексуалното насилство и силувањето, сексуалното вознемирување на интернет и психичкото насилство.

### Родово базирано насилство за коешто се известува најчесто




**Вид на родово базирано насилство**

Одговорите на новинарите укажуваат на различните пристапи што ги применуваат тие за да овозможат преживеаните од родово базираното насилство да бидат третирани со чувствителност и со почит во известувањето. Од вкупниот број анкетирани, 55 % велат дека избегнуваат да користат визуелни елементи со експлицитни детали, по што следуваат одговорите со коишто се истакнува вклучувањето на експертските перспективи на темата. Помал дел (15 %) одговараат дека им овозможуваат на преживеаните да ги раскажат своите приказни.

Понатаму, најголем дел од анкетираните велат дека избегнуваат да користат визуелизација или вознемирувачки слики кога известуваат за родово базирано насилство.

Во однос на начините за проверка на информациите, најчесто се практикува проверка на официјалните податоци, по што следува вкрстување на информациите со други извори.

### Начини за проверка на информациите




Со проверка на официјалните податоци
Со вкрстување на информациите со други извори
Преку разговор со сведоци
Сите три начини

Случаите во коишто сторител на родово базирано насилство е личност од висок профил или личност што поседува моќ најчесто се третираат на ист начин како кога се известува и за секој друг случај. Помалку од анкетираните одговараат дека тоа го прават со дополнителна претпазливост и чувствителност.

Во однос на тешкотиите со кои се соочуваат редакциите за да известуваат редовно и навремено за родово базираното насилство, анкетираните еднакво го наведуваат недостигот од човекови ресурси и недоволното разбирање на проблемот, по што следи недоволниот пристап до извори на информации.

Дополнително на ова, новинарите и уредниците реагираат дека се случува некој сведок да се предомисли и да отстапи од дадените изјави.

И резултатите од прашалникот укажуваат на проблемот со сензационализмот во информирањето, но и на тоа дека новинарите честопати самите имаат предрасуди во однос на овој проблем.

Генерално, од медиумите се очекува поголема вклученост во пренесување на информациите за родово базираното насилство *преку едукативно-информативни содржини, со статистички податоци, реални приказни и точност во информирањето на оваа тема, подобра соработка со споделување на информациите од страна на институциите на локално и национално ниво, едукативни кампањи за препознавање и за спречување на родово базираното насилство*.

Понатаму, се препорачува центрите за социјална работа најмалку еднаш во месецот да имаат брифинг со новинарите исклучиво на оваа тема. На тие брифинзи, не само што би алармирале за случаи на родово базирано насилство, туку и би објасниле

како постапиле со жртвата, би ја информирале јавноста дали и како реагирале органите на прогонот, за граѓаните случаите да ги следат докрај, до судската пресуда. И во овој контекст се потенцира потребата од примена на високи стандарди во заштитата на личните податоци на жртвата.

# Студии
# на случаи

Во периодот јануари 2020 – декември 2022 година, во медиумите беа објавени повеќе случаи на различни форми на насилство врз жени коишто предизвикаа дебата во јавноста, но и реакција од институциите надлежни за заштита на жртвите на родово базирано насилство. За потребите на оваа анализа беа избрани два случаи, и тоа: Случајот „Јавна соба“ и случајот на девојка-жртва на силување за која Јавното обвинителството ја запре постапката. Временскиот период во којшто овие два случаи беа актуелни во јавноста е долг и, во неколку интервали, медиумите поинтензивно известуваа за нив. Оттука, одлучивме да ги анализираме објавите во неколку пократки интервали, кога беше зголемена фреквенцијата на информирање и обемот на новинарски содржини поврзани со конкретните случаи, а кои можат да дадат јасна слика за начинот на којшто медиумите ги третираат овие два специфични случаи на родово базирано насилство врз жените.

## СЛУЧАЈОТ „ЈАВНА СОБА“

**Краток опис на случајот „Јавна соба“.** Случајот опфаќа поголема група жени и девојки кои беа жртви на сексуално вознемирување на интернет, односно чии приватни фотографии и видеа без нивна согласност се објавени и споделени со поголема група мажи, во затворена група на социјалната мрежа Телеграм, наречена „Јавна соба“. Групата е основана и администрирана од неколку машки лица, а во меѓувреме во затворената група се додаваат нови членови. Во групата се споделуваат лични фотографии и видеа на жените и девојките или фотографии преземени од нивните социјални мрежи и се споделуваат со нивни лични контакти со вознемирувачки и сексистички коментари. Случајот се појави во јануари 2020 година, кога Министерството за внатрешни работи објави дека групата е затворена. Во јануари 2021 година, медиумите повторно објавија дека телеграм-групата Јавна соба е сè уште активна и во неа континуирано се споделуваат фотографии, видеа, телефонски броеви и други податоци од жени и девојки. Во април 2021

година, Јавното обвинителство поднесе обвинение против креаторот и против администраторот на групата Јавна соба, кои се товарат за кривично дело „производство и дистрибуција на детска порнографија“, по што во март 2022 година, Основниот кривичен суд донесе пресуда со која обвинетите ги осуди на четири години затвор. За целта на анализата избрани се три периоди кога објавите за случајот „Јавна соба“ беа најфреквентни во онлајн медиумите и е направена анализа на содржината на новинарските текстови и на начинот на којшто се третира прашањето во јавноста. Анализирани се периодите 25 – 31 јануари 2020 година; 26 јануари – 10 февруари 2021 година и 8 – 14 март 2022 година.

**Квалификација на случајот од страна на медиумите.** Првата информација за постоење на групата Јавна соба беше објавена на **25 јануари 2020 година,** кога неколку онлајн медиуми ја пренесоа информацијата за средношколци кои пријавиле во Радио МОФ дека нивни фотографии и видеа, кои ги споделиле во приватна порака со врсници, се нашле во затворена група на социјална мрежа Телеграм и понатаму биле споделувани со поголема група луѓе. Првичните објави на медиумите беа – „Во затворена група на Телеграм“, македонски средношколци споделуваат експлицитни фотографии на своите врсници“, а дел со сензационалистички наслови го подигнаа алармот во јавноста за постоењето на опасна група – „Која е групата за порнографија меѓу средношколците – паника кај професорите и кај родителите“; „Порнографија ја тресе Македонија: политичари и бизнисмени дел од порнографска група“.

Во објавите стои дека веднаш е информирано Министерството за внатрешни работи и дека се чека реакција. Десетици медиуми пренесуваат слична информација дека станува збор за видеа и фотографии од разголени девојки средношколки, а во групата во која се споделуваат фотографиите членуваат повеќе од 7.000 членови. Првите објави на медиумите пренесуваат информации за бројот на членовите во групата, за претпоставената возраст на администраторите и на членовите на групата, за содржините што се споделувале во групата и за други факти за начинот на функционирање на групата. Отсуствуваат клучните информации дека поголем број жени се жртви на противзаконско постапување на поголема група мажи кои споделувале информации без знаење и согласност на жртвите.

**На 26 јануари 2021 година,** медиумите повторно почнаа да пишуваат за случајот „Јавна соба“. Пријавата од страна на една од жртвите во полициска станица ја поттикна дискусијата во јавноста за тоа дали е групата навистина затворена, како што пред една година информираа надлежните институции, или во текот на целиот период голема група

мажи продолжиле со споделување фотографии и видеа од жени и девојки. Покрај ова, медиумите објавија и извадоци од комуникацијата во групата каде што се бара идентитетот на девојката која ја пријавила групата, како и јавниот линч и заканата за објавување дополнителни материјали со неа. „Курвата отишла во полиција да ја пријави групата што некој пуштил од неа гола слика... Дајте слики да ја видиме и објавиме уште една по една. Да има нервен слом."

Во истиот период, во медиумите паралелно се води дискусија за новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, а покрај бројните текстови во кои само се пренесува кратка информација од Министерството за внатрешни работи, се објавува суштествена анализа на проблемот со семејното насилство, профилирање на сторителите и жртвите и анализа на институционалниот одговор на семејното насилство.

Очигледно е дека преку овој случај медиумите го искористуваат моментот што сексот и порнографијата се табуизирани во нашето општество, па се обидуваат да капитализираат преку сензационалистички прилози. Кога пишуваат за случајот „Јавна соба", дел од медиумите користат наслови како, на пример: „Проституција, сексуални услуги: повторно отворена Јавна соба – групата на која се споделуваа експлицитни фотографии", без да обезбедат подлабока анализа на проблемот.

**На 5 февруари 2021** година, медиумите објавија информација дека се приведени креаторите и администраторите на групата „Јавна соба", на кои судот им определи притвор. Повторно, од 87 анализирани текстови, во само шест авторот користи и други информации во текстот освен пренесеното соопштение од институциите, без квалификација на настаните како родово базирано насилство и поставување на случајот „Јавна соба" во поширокиот општествен контекст. Отсуствува прикажување на поширокиот социополитички контекст на насилството врз жените, квалификување на одделните дејствија во „Јавна соба" со различни видови родово базирано насилство, како, на пример, демнење, сексуално вознемирување и слично.

**Чиј глас е претставен во медиумите.** Во околу 5 % од анализираните текстови во медиумите се пренесуваат изјави на засегнатите страни, односно прво е пренесен статус на Фејсбук на професорка од средно училиште, која го квалификува настанот како „дегенерација на новата генерација млади и општ пад на моралот на сите нивоа. Ова е крајно загрижувачка, сериозна, опомена дека децата, воспитанието и нивното образование се најзапоставените приоритети." Како реакција на објавите во медиумите, истите на 25 јануари 2020 година пренесоа и статус на Фејсбук

на дополнителната министерка за внатрешни работи, Славјанка Петровска, која објави дека Бирото за јавна безбедност започна истрага за случајот. Веќе следниот ден, 26 јануари 2020 година, медиумите пренесуваат и официјални изјави на техничкиот премиер Спасовски и на дополнителната заменичка-министерка за труд и социјална политика Шкријељ: „Се координираме со МВР и со МОН. Упатувам апел до сите родители чии девојчиња се изложени да се обратат до центрите за социјална работа, кои во соработка со МВР ќе постапуваат. Со МОН веќе договоривме стручните служби во училиштата да преземат мерки." Во следните неколку дена од појавата на случајот во јавноста, медиумите пренесуваат Фејсбук-објави или земаат изјави од активисти и експерти за човекови права како дополнителна перспектива во претставувањето на случајот. Во првичните објави во медиумите отсуствува претставување на проблемот од повеќе страни и најчесто во објавата е застапена само една страна – институција, граѓанска организација или друг соговорник. Ретки се текстовите каде што авторот ја обработува темата од повеќе аспекти, преку објаснување на законската рамка, на преземените дејствија од страна на надлежните институции и преку официјални изјави од нивни претставници, изјави на експерти за комуникации, професори и други. Гласот на жртвите е ограничен и е најчесто претставен преку изјавите од претставниците на граѓанските организации кои работат со жртвите на насилство. Постојат објави каде што жртвата зборува за доживувањата откако ѝ била објавена фотографија во групата на Телеграм и за несоодветниот третман од страна на полицијата откако го пријавила случајот. На 31 јануари 2020 година, медиумите споделуваат информација од Бирото за јавна безбедност дека седум девојки од Скопје, Кичево, Тетово и Штип пријавиле дека нивни фотографии биле злоупотребени во „Јавна соба".

Откако медиумите објавија дека се откриени администраторите на телеграм-групата, дел од нивните изјави за мотивите за отворање и за одржување на групата се објавени во медиумите, без критички осврт на нивната одговорност за стореното.

Во првите неколку дена од објавата на случајот во медиумите, тој се третира како средношколска тинејџерска игра која излегла од контрола, за подоцна да се дознае дека е сериозна група, главно составена од возрасни мажи кои споделуваат фотографии и видеа со порнографска содржина од жени и девојки од различни возрасти.

Во вториот временски интервал на анализата на содржините објавени во периодот јануари – февруари 2021 година, се појавија сведоштва на жени кои биле жртви на „Јавна соба" и јавно зборуваат за траумата, срамот и стравот од споделувањето на нивните видеа, фотографии и телефонски броеви.

Доминираат текстови, односно околу 90 % од анализираните објави, кои еднострано ја третираат проблематиката и/или пренесуваат информација од институциите или од граѓанските организации и нивните барања. Сепак, во овој период присутни се изјави на пратеници кои во јануари 2021 година го изгласаа новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, па темата за родово базираното насилство беше поприсутна во медиумскиот дискурс во однос на другите периоди на анализа. Исто така, дел од медиумите, поттикнати од случувањата со „Јавна соба“, организираат поширока дебата на темата за родово базирано насилство врз жените и девојките и слични настани во регионот. Медиумите го покриваат протестниот марш што се одржа на 3 февруари и пораките кои јасно го квалификуваат случајот „Јавна соба“ како кривично дело за кое државата е одговорна да ги пронајде и да ги казни сторителите, како и да ги заштити жртвите.

**Третирање на случајот како родово базирано насилство.** Во првичните објави во медиумите и, последователно, во доминантниот дискурс во јавноста по обелоденувањето, случајот се презентира како средношколска игра која набрзо прераснува во платформа за недозволена размена на фотографии и видеа од поголема група жени и девојки. Исклучувањето на родовата перспектива и отсуството на клучните зборови за опишување на проблемот, како „жртва“, „насилник“, „родово базирано насилство“, „согласност“, „сексуално вознемирување“, го неутрализираат проблемот и ги ставаат во фокус девојките кои се фотографирале и објавиле на своите социјални мрежи фотографии со порнографска содржина.

Медиумите пренесуваат информации од институциите, но настанот за првпат добива димензија на случај на родово базирано насилство врз жени преку пренесените изјави на активисти и здруженија кои зборуваат за проблемот на „Јавна соба“ низ призма на причините и последиците за насилството врз жените во општеството, кое сега, преку овој конкретен случај, се прелеало и на интернет. Под насловот: Врсничкото и родово базираното насилство се секојдневен проблем со којшто се соочуваат младите во и надвор од училиштата, медиумите го пренесуваат соопштението на Здружението Х.Е.Р.А., како еден од малкуте текстови во медиумите што, во оваа рана фаза на објавувањето на случајот, зборува за длабоко вкоренетото насилство врз жените. „Сведоци сме на секојдневни инциденти, различни форми на насилство кај младите кои им оставаат траги за цел живот и влијаат врз нивниот психофизички развој. Многу често младите кои се жртви не можат да го препознаат тоа или, ако го препознаат, нема каде да пријават. Ако барате виновници, не барајте ги младите. Нивните однесувања се резултат, односно последица на лоши

системски решенија, на образовен систем и на игнорантноста на "возрасните„ за нивните проблеми."

Преку текстот „Што знае дете што се тоа *nudes*", случајот „Јавна соба" ја отвори Пандорината кутија. Авторките сестрано и продлабочено го анализираат случајот низ проблемот на родово базираното насилство врз жените и девојките преку презентирање на искуството на една од многуте жртви. Насилството на интернет се контекстуализира како родово базирано насилство кое несразмерно повеќе ги погодува жените и девојките, а преку изјава од психолог ги претставуваат механизмите за поддршка на жртвите во училиштето. Текстот анализира како отсуството, односно воведувањето на сеопфатното сексуално образование, може да биде клучот за овој вид проблеми. Исто така, текстот пренесува и изјава од Министерството за внатрешни работи како најповикана институција да даде објаснување за овластувањата, за преземените дејствија и за тоа што може да се очекува понатаму.

Вториот поголем бран реакции во врска со случајот „Јавна соба" се активираше откако една од жртвите пријавила злоупотреба на нејзина фотографија и контакт во групата. Таа јавно го сподели искуството откако пријател ја информирал за повредата, како и нејзиниот обид да го пријави во Министерството за внатрешни работи. Според нејзината објава, таа не добила заштита од институциите затоа што е полнолетна, а текстот не објаснува која е законската празнина што ги остава полнолетните жртви незаштитени. Од друга страна, медиумите пренесуваат повик на Министерството за внатрешни работи до сите жртви да пријават кај нив, а истовремено се објавуваат текстови со наслов „Скандалозно: „Јавна соба" повторно отворена, МВР крева раце", што испраќа измешани пораки до јавноста, особено до жртвите на случајот „Јавна соба". Евидентно е дека медиумите не придонесуваат многу во појасно претставување на проблемот, туку најчесто се пренесуваат ставовите на едната или на другата страна, односно што можат и што направиле институциите, што искусиле жртвите и како влијае тоа врз сторителите.

Инертноста на институциите, особено на МВР и на Јавното обвинителство, создаде слика во јавноста, поддржана од медиумите, дека жртвите се незаштитени, а сторителите охрабрени. Здруженијата за заштита на правата на жените реагираат со соопштение кое е во целост пренесено од медиумите, а во кое се бара брза и ефикасна заштита на жртвите, третирање на случајот како сериозен случај на сексуално вознемирување на жените и девојките и унапредување на законската рамка во поглед на интернет-вознемирувањето на жените. Жртвите во „Јавна соба" се жени и девојки, а сторителите се мажи, но дискурсот на институциите, главно, е во насока на квалификација на случајот како повреда на приватност,

лични податоци и дистрибуција на детска проституција. Всушност, гласот на здруженијата во медиумите ја дава вистинската квалификација на случајот „Јавна соба“ како случај на родово базирано насилство врз жените кои се предмет на демнење и на сексуално вознемирување преку социјалните мрежи.

Третиот период на анализа се однесува на случувањата во март 2022, кога во пресрет на Меѓународниот ден на жената, 8 Март, граѓански организации спроведуваат кампања за поддршка на жртвите на насилство, укажувајќи каде жртвите може да го пријават насилството и кои се надлежните институции што постапуваат во случај на насилство врз жените. Во медиумскиот простор, во анализираниот период, 52 % од објавите се со податоци од истражувања во однос на насилството врз жените и девојките, воспоставени сервиси за поддршка на жртвите на насилство, како и важноста на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство во справувањето со проблемот.

На 11 март 2022 година, медиумите ја пренесуваат веста за исходот од кривичната постапка против креаторот и администраторот на групата „Јавна соба“, односно дека тие се казнети со четиригодишна казна затвор поради тоа што дозволиле да се споделуваат и да се шират видеа со малолетни девојки со порнографска содржина. Медиумите најчесто ја пренесуваат веста од судот, додека во неколку текстови нудат поширока анализа на пресудата и на отсуството на сериозно адресирање на проблемот. На пример, анализата покажа дека некои медиуми одлуката за видот на кривичното дело и за висината на казната го анализираат низ призмата на тоа дека недостигот од соодветна законска рамка (реферирајќи на тогаш неусвоените измени и дополнувања на Кривичниот законик) го ограничува просторот за делување на институциите и за казнување поголем број лица за различни кривични дела што произлегуваат од случајот ,,Јавна соба“. Ваквите текстови придонесуваат кон дебатата за потребата од побрзо усвојување на измените, со цел поефикасна заштита на жртвите на родово базираното насилство.

**Заштита на приватноста.** Објавите во медиумите се проследени со илустрација на содржината на објавите во телеграм-групата, „скриншотови“ од пораките, фотографии со замаглени ликови, вознемирувачки говор што го користат членовите на групата против жените и девојките чии видеа и фотографии се споделени. Уште во првите неколку дена од објавите во медиумите, во јавноста се обрати жртва чија фотографија била споделена од медиум којшто известувал за случајот, и на тој начин открил дека и таа е жртва на „Јавна соба“. Жртвата прво отворено зборуваше во јавноста, но откако дополнително беше изложена на вознемирувачки пораки од членовите на групата „Јавна соба“, побара од

медиумот да ја повлече содржината поврзана со нејзините податоци.

Повторниот интерес на медиумите за случајот „Јавна соба“ во јануари и во февруари 2021 година беше поттикнат од пријавата на една од жртвите на „Јавна соба“ во полиција. Медиумите ги споделуваат изјавите на жртвата и нејзините искуства со институциите кои не ја препознаваат како жртва на кривично дело. Доминантно медиумите пренесуваат видео со нејзината изјава, со кое се испраќа охрабрувачка порака кон останатите жртви, но она што отсуствува е поширока анализа на контекстот, квалификација на насилството, на законската рамка и на начинот на постапување на институциите во случаите кога жртвите се полнолетни. Јавното објавување на идентитетот на преживеаните, иако со нивна согласност, и прикажување на нивното искуство на неосудувачки начин, во реалноста предизвикува коментари и реакции по социјалните мрежи, преку кои дополнително и повеќекратно се виктимизираат жртвите. Затоа, важно е преживеаните согласноста да ја дадат откако добро ќе се информираат за последиците што може да ги има нивното појавување во медиумите.

## СИЛУВАЊЕ ДЕВОЈКА

### Краток опис на случајот „Силување девојка“

Случајот се однесува на девојка која беше жртва на физичко насилство и на силување од страна на поранешен партнер. Веднаш по настанот, таа обезбедила медицинска документација со евидентирани повреди од нападот, и случајот во којшто на 2 август 2020 година била тепана со тупаници, клоци и силувана од нејзин поранешен партнер го пријавила во полициска станица. По неколку месеци молк од страна на институциите, девојката, во јануари 2021 година, случајот го објавува во медиумите, со информација дека и по шест месеци од пријавувањето на силувањето, Јавното обвинителство нема донесено одлука дали ќе го гони сторителот. Медиумите во овој период известуваат за случајот, по што Јавното обвинителство презема дејствија за прибирање докази. Едно од истражните дејствија на Обвинителството беше и спроведување на реконструкција на настанот, при што жртвата директно ја соочи со сторителот во процесот на докажувањето на веројатноста дека се случило физичко насилство и силување. Исходот од истрагата беше одлуката на Обвинителство дека нема да го гони сторителот поради недостиг од докази дека се исполнети обележјата на кривичното дело „силување“.

За целта на анализата, избрани се три периоди на известување од страна на онлајн медиумите кога објавите за случајот биле најфреквентни и направена е анализа на содржината на 50 новинарски текстови и на начинот на којшто се третира случајот во јавноста. Анализирани се периодите 1 – 3 февруари 2021 година; 1 – 3 февруари 2022 година и 2 – 4 март 2022 година.

**Квалификација на случајот од страна на медиумите.** Првата информација за случајот е објавена во февруари 2021 година, кога неколку медиуми ја пренесоа веста дека девојка од еден град во Северна Македонија веќе шест месеци чека од Јавното обвинителство да преземе дејствија за гонење на сторител на физичко и сексуално насилство за кое таа приложила и медицинска документација. Една од телевизиите објави прилог со изјава на жртвата за нејзиното искуство, за пријавувањето во полиција, за последиците што таа ги трпи по настанот и за поддршката што ја добива од родителите. Во прилогот, единствено се објавува кратката изјава од Јавното обвинителство дека се преземаат дејствија за прибирање докази: „Ве известуваме дека во Основното јавно обвинителство во тек е предистражна постапка за настанот за кој пишувате. Надлежниот обвинител ги прибира материјалните и вербалните докази по чие разгледување и анализа ќе донесе јавнообвинителска одлука за натамошниот тек на постапката.“

Сите медиуми што објавиле за настанот само ја пренеле веста од медиумот којшто прв ја објави информацијата, без да навлезат подлабоко во анализа на социополитичкиот контекст на проблемот со родово базираното насилство и силувањето како една од потешките форми на насилство врз жените. Позитивно е што сите медиуми во своите објави го квалификуваат настанот како силување, без да користат поими со кои се релативизира сериозноста на кривичното дело.
Но, медиумите во првиот период на известување не пишуваат за типологијата на насилството, за мотивите за извршувањето ваков вид кривично дело, и отсуствува поширока анализа на корените, причините и последиците на насилството врз жените, како и за начините на кои тоа може да се превенира. Сите медиумски објави се слични, иако напишани од различни автори, единствено постојат варијации во насловите на објавите. Дел од медиумите користат сензационалистички пристап во ширење на веста преку насловите: „Потресна исповед на млада велешанка: Дечкото ја претепал и ја силувал, а шест месеци нема обвинение“, „(Девојката именувана по име) доживеала голгота на автопатот Скопје – Велес“, и слично.

Една година по првата објава во медиумите за овој случај, во февруари 2022 година, интернет-порталот објави информација за текот на постапката и за преземените дејствија од страна на Јавното обвинителство за прибирање

докази. Под наслов „Обвинителка ја изложила на трауми жртвата, направила реконструкција на силување во кола, во присуство на неа и насилникот“, јавноста беше информирана дека наместо заштита на жртвата, таа била ставена во ситуација да се соочи со насилникот додека трети лица, актери од Факултетот за драмски уметности, ги изведувале дејствијата од настанот според кажувањата на жртвата и сторителот. Без дополнителна анализа на информациите во текстот за спроведената реконструкција, од различни автори понатаму е објавена и во останатите медиуми.

**Чиј глас е претставен во медиумите?**
Во првиот период на објавата на случајот во медиумите, најголем дел од содржината се повторува, со оглед на тоа дека е преземена од медиумот што првично ја објави веста; објавите содржат сведоштво на жртвата, а дел од нив и изјава на надлежните институции, како Обвинителството и/или Институтот за судска медицина, и нивните преземени дејствија. Отсуствува дополнителна анализа на работата на институциите, објаснување на законската рамка, статистика за опсегот на проблемот, изјави на експерти, организации и други. Гласот на жртвата е претставен преку нејзината првична изјава за искуството на силување и за последиците со кои се соочува како резултат на кривичното дело, но и поради пропустот на институциите да ја заштитат навремено и соодветно.

Објавата од февруари 2022 година содржи изјави од жртвата за нејзиното искуство од чинот на реконструкцијата кога била соочена со сторителот, го содржи ставот на Јавното обвинителство за причините за спроведената реконструкција, како и изјави на претставници на граѓанска организација за позицијата на ранливите жртви во кривичните постапки и за (не)опходноста за спроведување реконструкција во случаи на силување. По објавата дека Јавното обвинителство одлучило да ја запре постапката поради недостиг од докази, гласот на жртвата во медиумите е претставен единствено преку изјавите на мајката дека последната одлука дополнително го влошило здравјето на жртвата и ја изолира од комуникација и социјализација.

Објавите за случајот се фокусирани на тоа што ѝ се случило на жртвата на насилството, се повторува нејзината позиција на заплашена, засрамена и личност со нарушено здравје. Сторителот на насилството е невидлив во текстовите со кои се покрива случајот од неговото актуелизирање во февруари 2021, до објавите за постапувањето и одлуката на Јавното обвинителство во 2022 година. Во дел од текстовите во последните објави по одлуката на Јавното обвинителство, медиумите претпоставено ја пренесуваат позицијата на сторителот каде што се наведува: „Девојката чекаше правда, исто како и пријавениот, нејзиното поранешно момче“. Со

ова медиумите го релативизираат искуството на жртвата за време на извршувањето на кривичното дело, но и за времетраењето на постапката, и со тоа ја минимизираат штетата што таа ја претрпела.

**Третирање на случајот како родово базирано насилство.** Анализата покажа дека, без исклучок, сите медиуми во својата објава го квалификуваат настанот како кривично дело силување, но не го претставуваат од аспект на форма на родово базирано насилство врз жените. Текстовите пренесуваат кратки изјави од жртвата и од институциите, но ниту прашањата на медиумите кон институциите, ниту одговорите на институциите не зборуваат за родово базирано насилство врз жените. Отсуствува претставување на проблемот со силувањето како причина и последица на историската нееднаквост на жените и мажите, а е присутно непрепознавање на силувањето извршено во контекст на семејно насилство како квалификаторен елемент на кривичното дело во Кривичниот законик; како и обврската на државата да ги усогласи обележјата на кривичното дело силување со меѓународните стандарди. Имено, Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената и Истанбулската конвенција бараат од државата да ја усогласи законската рамка и да го санкционира секое дејствие од сексуална природа, со кој било телесен дел или предмет врз телото на друго лице без негова/нејзина согласност. Согласноста мора да е изразена доброволно како резултат на слободната волја на лицето, проценета во контекст на околностите. Според современите правни стандарди, позитивна обврска на државата е ефикасно да ги гони и да ги казни сите сексуални акти за кои не постои согласност, вклучувајќи ги и оние каде што нема отпор од страна на жртвата.

Објавите за спроведената реконструкција е пренесување на изјавите на различните засегнати страни во случајот, без анализа на фактот како ова конкретно истражно дејствие влијае врз конкретната жртва и врз сите идни жртви на силување. Повторно, отсуствува анализа на современите стандарди за постапување во случаи на силување како сериозна форма на родово базирано насилство и за тоа какви се обврските на државните институции да постапат со должно внимание во спречувањето на насилството и во заштитата на жртвите кога ќе се случи насилството. Дел од медиумите, обработувајќи го случајот, зборуваат за повеќекратната виктимизација од страна на институциите и за ставање на жртвата во ситуација повеќепати да го повторува исказот и да го преживува одново трауматичното искуство што го имала како жртва на силување.

Во март 2022 година, интернет-порталот продолжи со известување за случајот и информираше дека Јавното обвинителство донело одлука да ја

запре постапката против сторителот на силувањето поради недостиг од докази дека е извршено кривично дело силување, како и дека ја упатуваат жртвата да поднесе жалба до Вишото јавно обвинителство. Во изјавата за Обвинителството што ја пренесуваат медиумите стои дека сторителот нема да се гони ниту за физичките повреди и дека ја упатуваат жртвата самостојно да поведе кривична постапка пред надлежниот суд. Во текстот отсуства анализа на одлуката на Јавното обвинителство за начинот на постапување во случај на силување, кое, според современите правни стандарди, доволно е да е извршено без согласност на жртвата. Исто така, недостига критичка анализа на одлуката на Јавното обвинителство да не го гони сторителот за телесна повреда извршена во контекст на семејно насилство. Очигледно е дека Обвинителството случајот не го третира како родово базирано насилство извршено во контекстот на семејно насилство, а медиумите само неутрално ја пренесуваат информацијата без да дадат осврт на поширокиот општествен и правен контекст на проблемот.

**Заштита на приватноста.** Објавите во медиумите се проследени со вознемирувачки фотографии од повредите на жртвата, а во сите текстови таа е наведена со име и презиме. Во медиумите е објавена и снимка од нејзина аудиоизјава дадена по телефон за телевизијата која прва објави за случајот и понатаму е споделена и од други медиуми, а од чија содржина се напишани и текстовите во прилогот. Слично како и во другите случаи, откривањето на идентитетот на преживеаната остава простор за нејзино продолжено и повеќекратно виктимизирање, особено што по објавувањето на информацијата во медиумите, дискусијата продолжува на социјалните мрежи, каде што, неретко, жртвите се предмет на осуда и морализирање.

# Заключок

Во изминатите неколку години се бележи значаен напредок во усвојувањето на политиките на национално ниво насочени кон превенција од насилство и кон заштита на преживеаните и нивна реинтеграција во општеството. Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство од 2021 за прв пат препознава каква било форма на родово базирано насилство врз жени во интернет-просторот. Медиумите се препознаени како клучен субјект во превенцијата на насилството врз жените и имаат законска обврска при креирањето и емитувањето информативни и едукативни програми да водат сметка за подигнување на свеста кај општата јавност за сите форми на родово базираното насилство врз жените и на семејното насилство, да ја промовираат родовата еднаквост и да влијаат врз елиминирање на стереотипите за родовите улоги.

Практично, медиумите имаат клучна улога во подигнувањето на свеста и во едукацијата на јавноста за родово базираното насилство. Особено е важно самите медиуми да го препознаат ова прашање како значаен проблем што треба да се адресира и соодветно да ѝ го пренесат на публиката. Тоа подразбира континуитет во информирањето, вклучување експерти и професионалци во различните медиумски продукти и содржини и охрабрување на жртвите да ги пријават инцидентите до соодветните институции.

Со учество во општествениот дијалог за овие прашања, медиумите може да бидат значајна алка во системот за справување со родово базираното насилство. Тие се важни во разобличување на стереотипите, во разоткривање на мотивите што стојат зад родово базираното насилство и во промовирањето точни и вистинити информации. Од друга страна, вклучувањето на институциите и експертите во дијалогот што ќе го отворат медиумите може да ги расветли системските фактори кои придонесуваат за ваквото насилство и да го отворат патот кон утврдување на неопходните решенија. Особено е важно да се примени соодветен пристап кон преживеаните со почит, земајќи ги предвид нивните околности и избегнувајќи генерализација што би можела да доведе до натамошна стигматизација или ревиктимизација.

За жал, на темите поврзани со родово базираното насилство не им се дава приоритет во медиумското известување. Доминацијата на дневнополитичките случувања, ограничените ресурси во редакциите, недостигот од специјализирани новинари, отсуството на извори и перцепцијата дека овие теми не се од примарно значење во информирањето придонесуваат кон недоволното известување. Оттука произлегува потребата од промени во уредувачката политика на медиумите за да се обезбеди континуирано известување за родово базираното насилство

во различни медиумски формати. Дополнително, медиумите може да се вклучат во кампањи, во соработка со други, релевантни чинители во поттикнувањето на жртвите да го пријават овој проблем, но и во ефективниот одговор на институциите на системот во однос на овој проблем.

Постои потреба од посеопфатно и континуирано известување за родово базираното насилство. На сториите на оваа тема вообичаено им недостига континуитет, а фокусот врз нив е краткотраен. За да се даде целосна слика за проблемот, од клучно значење е да се истражуваат неговите корени, да се вклучат институциите и експертите и да се понудат препораки од соодветните чинители. Наместо едноставно и сервисно информирање низ соопштенија и кратки вести, медиумите треба да понудат длабинска анализа и истражување, истакнувајќи ги основните причини и системските проблеми. Вклучувањето различни перспективи може да го збогати опфатот и да придонесе за посеопфатно разбирање на проблемот.

Влијанието на социјалните мрежи врз известувањето за родово базираното насилство е меч со две острици. Иако може да ја поттикнат свесноста околу постоењето на овој проблем, тие служат и како платформи за ширење дезинформации, говор на омраза, коментари со обвинувања кон жртвите и онлајн малтретирање. Сето тоа негативно влијае и врз новинарството, особено кога медиумите ги објавуваат своите содржини на социјалните мрежи или, пак, кога преземаат информации оттаму и ги внесуваат во своите продукти. Оттука, новинарите треба критички да ги проценат информациите пред да известуваат и да се погрижат тие да бидат потврдени од сигурни извори.

Етиката треба да биде приоритет во информирањето за родово базираното насилство. Новинарите треба да ја штитат приватноста и идентитетот на преживеаните и да избегнуваат сензационализам. Но, сепак сензационалистичкото информирање е мошне присутно, особено на онлајн медиумите. Една од причините е што постои култура на т.н. „кликбејт" новинарство, односно честото прибегнување кон наслови коишто го привлекуваат вниманието за да се зголеми бројот на кликови и прегледи на одредени содржини. На тој начин, преку фокусирањето врз шокантни или драматични моменти, наместо врз системските прашања, се искривува вистинската слика за родово базираното насилство. Понатаму, сензационализмот честопати произлегува и поради брзото ширење на информациите на сметка на точноста и етиката. Сензационалистичките приказни брзо стануваат „вирални" пред воопшто да бидат проверени фактите. Сензационалистичкото известување честопати се потпира врз штетни стереотипи и генерализирани наративи, што води кон искривена претстава

за родово базирано насилство, а тоа влијае врз зајакнување на штетните митови и заблуди.

Севкупно гледано, медиумите имаат мошне значајна улога во справувањето со овој проблем преку подигнувањето на свеста, едукацијата на јавноста, поттикнувањето општествен дијалог и коректното и вистинито информирање. Со давањето приоритет на оваа тема, сеопфатното информирање и почитувањето на етичките стандарди, медиумите во голема мера може да придонесат во борбата против родово базираното насилство и во создавањето побезбедно општество за сите.

# Препораки и насоки за медиумско информирање за родово базираното насилство

- **Родово базираното насилство треба да се третира како нарушување на човековите права**, бидејќи станува збор за повреда на основните права на поединците на живот, безбедност, достоинство и еднаквост. Медиумите треба да се свесни дека имаат обврска да придонесат во превенцијата на насилството во согласност со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. Охрабрувањето во Законот медиумите да се вклучат во превенцијата на насилството истовремено сигнализира дека треба да се почитува слободата на изразување и независноста на медиумите, особено од перспектива на уредувачка независност. Во контекст на ова, медиумите може да ги нагласат меѓународните инструменти за човекови права, како што се Универзалната декларација за човекови права[35], Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација[36] и Истанбулската конвенција, со коишто се осудува и се адресира родово базираното насилство.

- **За проблемите поврзани со родово базираното насилство не треба да се известува како за изолирани инциденти.** Се работи за проблем којшто е длабоко вкоренет во општествените структури и во културните норми. Поттикнат е и се одржува преку родовата нееднаквост и постојаното повторување на штетните ставови кон мажите и жените, кои се манифестираат во различни форми, како што се семејно насилство, сексуален напад, вознемирување, трговија со луѓе, итн. Особено е важно да се истакне поширокиот контекст поврзан со родово базираното насилство и да се објасни како проблем со далекусежни последици за целото општество. Родово базираното насилство може да го попречи економскиот развој, да го оптерети здравствениот систем, да го продолжи циклусот на насилство и сиромаштија, итн. Новинарите треба да ги истражат и да ги разоткријат основните причини, како и да ги разобличат штетните општествени норми. Родовите норми имаат голема улога во поттикнувањето на родово базираното насилство. Тоа се општествени очекувања и ставови за тоа како треба да се однесуваат луѓето од одреден пол и може да придонесат за продолжување на родово базираното насилство. На пример, нормите кои промовираат машка доминација и агресија или, пак, норми кои го банализираат насилството врз жените може да придонесат за опстојување на култура која дозволува родово базирано насилство. Оттука, новинарите треба да бидат свесни

---

**35** https://www.coe.int/mk/web/compass/the-universal-declaration-of-human-rights-full-version-

**36** https://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/priracnik.pdf

за овие норми и за начинот на којшто тие може да влијаат врз појавата и перцепцијата на родово базираното насилство. Известувајќи за случај на родово базирано насилство врз жените, новинарите треба да ги истражат ставовите кон родовите улоги, динамиката на моќта, како и да се залагаат за системски промени за да се спречат идни случаи на родово базирано насилство. Тоа може да вклучи поддршка на политики и програми насочени кон родова еднаквост, подигнување на свеста за важноста на образованието и на економското зајакнување на жените, како и промовирање стратегии за превенција и одговор на насилството.

- **Континуирано информирање за проблемот со родово базираното насилство.** Новинарите треба да ги следат случаите на родово базирано насилство, текот на правните постапки, истрагата и заложбите за борба против неказнивоста. Освен тоа, тие треба да ги расветлат предизвиците со кои се соочуваат преживеаните во пристапот до правосудниот систем. Преку обезбедувањето навремени информации од јавен интерес, ќе се даде целосна слика за проблемот и неговото влијание врз преживеаните и општеството. Редовното следење и известување за конкретен случај на насилство ја зголемува одговорноста и отчетноста на институциите да постапуваат со должно внимание во истрагата, во процесирањето и казнувањето на сторителите. Дури и кога нема тековни случаи за известување, новинарите може да ја анализираат работата на институциите, да ги промовираат услугите за помош и поддршка на жените жртви на родово базирано насилство, начините на пријавување и заштита, итн.[37] Содржината што ја продуцираат новинарите во идеален случај би требало да има повици за акција, вклучувајќи информации за достапната поддршка и услуги[38].

- **Медиумите треба да обезбедат информации** за превентивните мерки, за достапните услуги за поддршка и за правна заштита на жртвите на родово базирано насилство. Важна е континуираната и блиска соработка со институциите и со граѓанските организации кои ги обезбедуваат услугите за да се добијат точни и навремени информации за видот и капацитетот на услугите и за евентуалните предизвици што постојат, а влијаат врз бројот и квалитетот на услугите. Медиумите, како извор на информација за достапните услуги финансирани

---

**37** Dekic, S. (2017) Media coverage of gender based violence handbook, UN Women, https://eca.unwomen.org/en/digital-library/publications/2017/09/media-coverage-of-gender-based-violence---handbook-and-training-of-trainers

**38** UN Women, UNFPA, UNICEF, Responsible representation and reporting of violence against women and violence against children - guidelines for media professionals, bit.ly/3Puni1q

и поддржани од Министерството за труд и социјална политика, можат да ја користат интернет-страницата на Министерството[39], додека информации за здруженијата и адвокатите кои даваат бесплатна правна помош на жртвите се достапни на интернет-страницата на Министерството за правда[40].

- Информирањето за родово базираното насилство подразбира **сеопфатен пристап** преку понуда на широк спектар од различни перспективи (на експерти, претставници на државните институции, на граѓанскиот сектор, претставници на маргинализираните заедници и самите преживеани и др.). Тоа подразбира да се обезбеди вистинскиот контекст и да се разгледа прашањето околу родовите норми, но и начините на кои некои аспекти од општествените и политичките идентитети на поединците како родот, расата, сексуалноста и други можат меѓусебно да се комбинираат во создавањето уникатни модели на дискриминација и насилство, итн. Експертите може да помогнат во објаснувањето на причините и последиците од родово базираното насилство, претставниците на државните институции да зборуваат за правните и институционалните одговори на таквото насилство, членовите на граѓанските организации за поддршката на преживеаните и за застапувањето за промени, додека, пак, претставниците на маргинализираните заедници да обезбедат контекст за тоа како насилството несразмерно понеповолно ги засега специфични маргинализирани групи, а кое најчесто не е видливо во медиумите. Она што е, исто така, еднакво важно е да се вклучат перспективите на самите преживеани, за да се обезбеди приказ на проблемите и прашањата од прва рака. Во овој контекст, од клучно значење е внимателно да се постапува со нивните приказни, со цел да се спречи повторна трауматизација или штета.

- **Да се избегне сензационалистичкиот пристап** во информирањето и да се даде приоритет на точното, урамнотежено и објективно известување за овој проблем. Сензационалистичкиот пристап во информирањето неретко подразбира вклучување премногу графички описи, прекумерно фокусирање врз деталите околу насилството или, пак, прикажување на приказните на начин што предизвикува шок или бес, наместо разбирање и емпатија. Погрешното претставување на статистичките податоци е, исто

39 Министерство за труд и социјална политика. https://www.mtsp.gov.mk/uslugi-i-prava.nspx

40 Министерство за правда. https://www.pravda.gov.mk/usluga/11

така, пример на сензационалистичко информирање, коешто можеби се прави или за да се создаде претстава дека родово базираното насилство е помалку присутно отколку што реално е, или, пак, за да се предимензионира проблемот. Од друга страна, известувањето на начин што суптилно или отворено ја префрла вината врз жртвата, како што е фокусот врз облеката, сексуалната историја во минатото или однесувањето што претходело на инцидентот е, исто така, сензационалистичко и штетно. Штети може да предизвика и откривањето имиња или експлицитни детали од приватниот живот на лицата коишто честопати се нерелевантни за приказната. Сензационалистичкото известување може да доведе до тривијализација на проблемот, до зајакнување на стереотипите или да предизвика штета или повторна виктимизација на преживеаните. Наместо тоа, од новинарите се очекува да ги претставаат фактите јасно и со почит, објективно да го претставаат проживеаното искуство, давајќи им приоритет на достоинството и приватноста на личноста.

- **Внимателно да се проверуваат информациите** и статистичките податоци, преку користење веродостојни и релевантни извори. Точноста е клучен принцип во новинарското известување. Новинарите треба да се стремат да обезбедат точни информации за да им помогнат на граѓаните да разберат сложени проблеми. Ова подразбира проверка на изворот на која било статистика или информација што се користи при информирањето. Употребата на неточни или погрешни информации може да ги наруши перцепциите на јавноста за овој проблем, да ја доведе јавноста во заблуда, па дури и да придонесе во зајакнување на стереотипите. Внимателната проверка на информациите и користењето доверливи и веродостојни извори на информации придонесува за информираност во јавниот дискурс околу родово базираното насилство. Ова може да поттикне подлабоко разбирање на проблемот, да поттикне конструктивна дебата и потенцијално да доведе до позитивни промени во општеството.

- **Да се почитува приватноста на преживеаните и нивните најблиски.** Новинарите треба да се воздржат од откривање на нивниот идентитет, лични информации или какви било детали што потенцијално би можеле да доведат до нивна идентификација. Тие треба да го почитуваат нивното право на приватност и да избегнат повторно да ги трауматизираат преку откривање чувствителни информации без нивна експлицитна согласност. Во известувањето за родово базирано насилство, пред сè, е потребно придржување до општите одредби во Кодексот за

новинари, особено до членот 7[41], каде што се истакнува потребата од заштита на приватноста. Од медиумите се очекува да го заштитат не само идентитетот и приватноста на жртвите, односно на преживеаните од родово базираното насилство, туку и оние на нивните најблиски. Почитувањето на приватноста е важно од неколку причини. Прво, на тој начин се избегнува повторна виктимизација. Непосакуваното внимание од јавноста може дополнително да ја зголеми траумата што ја доживуваат преживеаните од родово базирано насилство. Откривањето чувствителни информации без согласност од преживеаните не само што може да доведе до повторна трауматизација, туку и да предизвика преживеаните да се чувствуваат навредени, омаловажени или дека се осудуваат од јавноста. Понатаму, преку почитување на приватноста се придонесува кон спречување одмазда или дополнителна штета кај преживеаните. Откривањето на идентитетот на преживеаните потенцијално може да ги изложи на одмазда од нивните насилници или, пак, да доведе до дополнително стигматизирање. Освен тоа, преку почитување на приватноста при информирањето, се поттикнува и другите преживеани да го пријават својот проблем. Доколку на преживеаните им е јасно дека нивната приватност ќе се почитува, поголема е веројатноста да излезат и да ги споделат своите искуства, а тоа, меѓу другото, ја подигнува свеста за родово базираното насилство.
За да се обезбеди придржување кон овие принципи, новинарите треба да побараат експлицитна согласност од преживеаните пред да споделат какви било потенцијални детали коишто би можело да го идентификуваат лицето. Понатаму, пожелно е да се користат псевдоними или општи описи кои не го откриваат идентитетот на преживеаните.
На пример, наместо да го посочи идентитетот, би можело да се искористи опис од типот „35-годишна жена од градот“. Кога се зборува за инцидентот, треба да постои фокус кон поширокиот проблем на родово базирано насилство, наместо кон потенцијални конкретни поединости и идентификувачки елементи од искуството на преживеаните.

- **Медиумите мора да им дадат приоритет на доверливоста, сигурноста, безбедноста и заштитата од повреда на жените кои преживеале насилство**. Во многу случаи, жените кои преживеале насилство своите искуства ги споделуваат со новинарите во доверба. Од витално значење е оваа доверба да се почитува. Новинарите не треба да споделуваат информации дадени во тајност без експлицитна

41 Кодекс на новинарите на Македонија, https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

дозвола од инволвираната жена и границите на доверливост треба да им бидат јасни од самиот почеток. Жените кои го преживееле насилството може да бидат изложени на ризик од дополнително насилство или вознемирување доколку нивните приказни бидат објавени во јавноста. Новинарите мора да се погрижат нивното известување да не го зголеми овој ризик. Ова вклучува разгледување на потенцијалното влијание на приказната врз безбедноста на жената, преземање чекори за заштита на нејзиниот идентитет доколку е потребно и преземање мерки на претпазливост кога се среќаваат со неа лично или кога комуницираат на интернет. Безбедноста на жените кои преживеале насилство треба да биде примарна грижа за новинарите. Ова, меѓу другото, значи да се обезбеди дека жената нема да биде изложена на ризик од процесот на пријавување, вклучително и да не биде изложена на ризик од потенцијална одмазда од сторителот на насилството. Освен тоа, новинарите треба да преземат чекори за безбедност и удобност за време на интервјуата. Новинарите, најпрво, треба да добијат согласност за интервјуирање. Интервјуираните треба да се информирани за последиците од нивните постапки, за да донесат одлука дали ќе сведочат јавно или ќе се заштитат со анонимност. Ова е особено важно со онлајн медиумите каде што веста со податоците на жртвата долго ќе остане во јавниот простор и на полесен начин ќе се сподели со поголем аудиториум. Исто така, потребен е јасен договор околу информациите што ќе се третираат со доверливост и оние што можат да бидат јавно објавени[42]. Новинарите активно и внимателно треба да ги интервјуираат преживеаните, без да носат вредносни судови и без да ги прекинуваат и да ги брзаат. Прашањата треба да се поставуваат внимателно за да се добие слика за поширокиот контекст на проблемот.

- **Да се избегнува несоодветна визуелизација** на новинарските стории поврзани со родово базираното насилство. Иако визуелните слики можат да бидат моќни алатки за раскажување приказни, тие мора да се користат внимателно за да се избегне повторно трауматизирање на преживеаните, предизвикување вознемиреност кај публиката или овековечување штетни стереотипи или митови. Треба да се избегнува користење експлицитни слики или видеа кои го прикажуваат чинот на насилство. На пример, фотографијата на местото на злосторството со видлива крв или модринка и набиено лице може да биде длабоко вознемирувачка и потенцијално да предизвика повторна трауматизација

42 Тунева, М., Нушкова А.А (2021) Прирачник за родово сензитивно известување во медиумите, ХОПС Опции за здрав живот Скопје, https://hops.org.mk/prirachnik-za-rodovo-senzitivno-izvestuvanje/

на преживеаните. Објавувањето разговори помеѓу жртвата и сторителот или вознемирувачкиот говор и говорот на омраза на сторителот кон жртвата во случаите на онлајн насилство, всушност, претставува прикажување на местото и начинот на извршување на насилството што ја ретрауматизира жртвата. Новинарите, исто така, треба да бидат внимателни со визуелните содржини кои ненамерно би предизвикале обвинување на жртвата или би сугерирале дека таа можела да го избегне насилството. На пример, објавувањето слика на разголена жена во рамките на содржина во која станува збор за сексуален напад може да го овековечи штетниот мит дека облеката или однесувањето на жртвите на некој начин предизвикува насилство. Понатаму, да се избегне користење слики што ги овековечуваат стереотипите за родово базираното насилство. На пример, визуелните содржини не треба да ги прикажуваат само жените како жртви и мажите како сторители. Тие треба да бидат приказ на реалноста дека родовото насилство може да влијае врз секого, без оглед на полот, возраста, етничката припадност или социоекономскиот статус. Потоа, треба да се избегне објавување слики или снимки што може да го откријат идентитетот на преживеаните без нивна експлицитна согласност. На пример, фотографија од домот, работното место или други локации може да ја загрози безбедноста и приватноста на преживеаните. Треба да се избегнува користење драматични визуелни слики што може да го сензационализираат или да го тривијализираат проблемот. На пример, сликата на жена во неволја која ја „спасува" маж може да биде во прилог на штетните наративи дека жените треба да бидат спасени, наместо да се нагласува важноста на системските промени за да се спречи насилството. Наместо тоа, новинарите треба да се стремат да користат визуелни елементи коишто ги хуманизираат преживеаните, промовираат емпатија и прецизно го претставуваат прашањето за коешто станува збор. На пример, наместо графичко прикажување на насилството, насилството може да се симболизира преку претставување слика со скршено парче накит или, пак, искината облека. Со согласност на преживеаните, може да се користат слики од нив кои ја истакнуваат нивната издржливост и закрепнување, наместо нивното жртвување. Се препорачува новинарите да користат визуелизација на податоци или инфографици за да им помогнат на читателите или гледачите да ја разберат распространетоста и влијанието на родово базираното насилство. Корисно е да се прикажат и слики од мирни протести, солидарност во заедницата или услуги за поддршка за да се

нагласат решенијата и колективното дејствување против родово базираното насилство.

- **Да се користи неутрален речник во информирањето.** Новинарите треба да внимаваат на термините што ги користат за опишување на поединци кои доживеале родово базирано насилство. Додека терминот „жртва“ е технички коректен, се препорачува користење на терминот „преживеан/а“ бидејќи ја нагласува отпорноста и закрепнувањето. Во најдобар случај, се препорачува користење терминологија што е прифатлива за самата индивидуа. Треба да се избегне користење јазик што може да ја обвини преживеаната или да ја минимизира сериозноста на кривичното дело. На пример, наместо да се каже „таа тврди“ или „нејзините наводи се“, што може да предизвика сомнеж на сметка на преживеаната, подобро е да се користат неутрални термини како „таа пријави“ или „наведе“. Потребно е да се користат конкретни и точни термини за да се опише насилството што се случило. Наместо да се користат нејасни термини како „инцидент“ или „недолично однесување“, треба да се користат прецизни термини како „силување“, „сексуален напад“ или „семејно насилство“, како што е соодветно и потврдено. Треба да се избегнува користење јазик што ги објективизира или ги дехуманизира преживеаните. На пример, за преживеаните од сексуална трговија со луѓе не треба да се користат поими како „проститутка“ или „сексуална работничка“, што може да доведе до стигматизација. Наместо тоа, може да се каже „поединци експлоатирани во трговијата со секс“. Новинарите треба да се воздржат од употреба на премногу графички или сензационалистички речник што може повторно да ги трауматизира преживеаните или, пак, да ги користат нивните искуства за стекнување шокантна вредност на нивната сторија. На пример, треба да се избегнуваат термини како „сексуален скандал“ или „ужасна афера“ кога се известува за сексуално насилство.

- **Да се внимава при користење информации од социјалните мрежи**. Кога новинарите користат информации од социјалните мрежи за да известуваат за родово базирано насилство, тие мора да бидат крајно претпазливи и да ги почитуваат етичките стандарди. Ова вклучува борба против дезинформациите, модерирање на штетните коментари и објавување соодветни содржини. Пред да користат какви било информации од социјалните мрежи, новинарите мора да ја потврдат нивната точност. Дезинформациите или лажните тврдења може да предизвикаат штета, да наштетат на угледот и потенцијално да предизвикаат ситуации на насилство. На пример, објавата којшто обвинува некого за насилство треба да се

провери преку користење сигурни извори пред да се објави како факт. Новинарите не треба да споделуваат лични информации, слики или стории од социјалните мрежи без експлицитна согласност од инволвираната личност. На пример, доколку преживеана од родово базирано насилство ја сподели својата приказна на социјална мрежа, од клучно значење е да се побара дозвола од неа пред да се употребат нејзините зборови или слики во извештај. Новинарите честопати споделуваат стории на социјалните мрежи, каде што читателите можат да оставаат свои коментари. Овие коментари треба внимателно да се модерираат за да се спречи ширење на говор на омраза, обвинување на жртвите или нивно вознемирување. Новинарите можат да играат улога во борбата против дезинформациите на социјалните мрежи преку проверка на фактите и преку обезбедување точни информации. На пример, доколку една широко споделена објава содржи мит за родово базираното насилство, новинарот може да напише текст во којшто ќе го разоткрие митот и ќе објави точни информации. Понатаму, новинарите можат да ги користат своите профили на социјалните мрежи за да промовираат конструктивен дијалог за справување со проблемот со родово базираното насилство. На пример, новинар/ка може да напише објава во која ги поканува читателите да ги споделат своите размислувања за тоа како да се спречи родово базираното насилство, укажувајќи дека коментарите треба да бидат умерени и фокусирани врз решенијата. Освен тоа, кога известуваат за родово базирано насилство, новинарите можат да ги користат социјалните мрежи за да споделуваат корисни информации и ресурси за преживеаните, како што се телефонски линии, советодавни служби и контакти од организации за обезбедување правна помош.

- **Да се препознаат и да се истражат интерсекциските аспекти** на родово базираното насилство. Во контекст на родово базираното насилство, интерсекцијата значи дека поединците доживуваат насилство на начини кои се обликувани од нивните различни идентитети и социјалниот статус. На пример, етничката припадност може многу да влијае врз искуството на една личност со родово базирано насилство. Жените од одредени етнички немнозински групи може почесто да се изложени на насилство поради системски расизам и дискриминација. Врз нивните искуства може да влијаат и културните норми и практики, јазичните бариери или недостигот од пристап до соодветни услуги за поддршка. Понатаму, религиозните уверувања, исто така, може да се вкрстат со искуствата со родово базирано насилство. На пример, некои религиозни доктрини или толкувања може да се користат

за оправдување или одобрување на насилството. Од друга страна, некои верски заедници може да обезбедат силни мрежи на поддршка за преживеаните. Сиромаштијата и нискиот социо-економски статус може да ја зголемат ранливоста во однос на родово базираното насилство. Економската зависност честопати е фактор за да се остане во одредена заедница и да се трпи насилство. Од друга страна, тие со повисок социо-економски статус може да чувствуваат ограничување да пријават проблем со родово базирано насилство, обидувајќи се да го одржат статусот на некој со „совршен“ семеен живот. И поединците со попреченост може да доживуваат повисоки стапки на родово базирано насилство во споредба со оние без попреченост. Тие, исто така, може да се соочат со дополнителни бариери при пристапот до услугите за поддршка, како што се проблеми со физичката пристапност, комуникациски бариери или дискриминација. Другите аспекти на идентитетот, како што се возраста, сексуалната ориентација, родовиот идентитет, статусот на имиграција итн., исто така, се вкрстуваат со искуствата на родово базираното насилство. На пример, трансродовите лица се соочуваат со екстремно високи стапки на насилство, а младите или повозрасните лица, исто така, се ранливи на овој проблем поради возраста. Оттука, препознавањето на интерсекционалноста во известувањето може да обезбеди попрецизна слика за за ова мошне сложено прашање. Новинарите треба да вложат напори да ги вклучат гласовите кои честопати се маргинализирани или се исклучени од мејнстрим дискурсот за родово базираното насилство. Тоа може да значи прикажување приказни од преживеани од заедниците на етничките малцинства, поединци со попреченост, ЛГБТК+ поединци и други. Интерсекциското известување може да помогне во разобличувањето на штетните стереотипи и предрасуди во однос на тоа кој доживува родово базирано насилство. Со прикажување на различните проживеани искуства, новинарите можат да помогнат да се разобличат претпоставките и да се зголеми разбирањето. Известувањето кое ја препознава интерсекционалноста може, исто така, да помогне да се промовираат поинклузивни и ефективни решенија за родово базираното насилство. Со истакнување на предизвиците со кои се соочуваат различни групи, новинарите можат да поттикнат развој на услуги за поддршка кои се достапни и релевантни за сите преживеани, без оглед на нивниот идентитет или социјален статус.

